Соновник

А

АБОНОС – патување во странска земја

АБОРТУС – Бидете внимателни, бидејќи сонот претскажува помали тешкотии со здравјето или непријатности од некое озборување.

АВАНТУРА – размислете повторно за плановите на работа.

АВГУСТ – Ако го сонувате месецот август или некој друг летен месец во зимско време, тоа е предзнак дека наскоро ќе примите неочекувана вест

АВИОН – подобрување на паричните средства, но размислете повторно за вашите нови планови на работа, бидејќи сонот претскажува непријатности после некој ризик.

АВТОМОБИЛ (АВТОБУС) – Ако сонувате дека возите автомобил, очекувајте промени на работа, но ако сонувате дека го вози друга личност, тогаш можете да очекувате поволни вести. Да купувате автомобил – брз деловен успех, сообраќајка со автомобил - ќе претрпите неуспех во љубовта; расипана кола – одложете ги своите планови.

АГОНИЈА – тешкотии во семејството, најверојатно од здравствена природа.

АДАМ И ЕВА – Ако насон само ги видите, очекувајте некоја голема радост, ако насон зборувате со нив или тие со вас, тоа е предзнак дека ќе бидат одложени некои ваши големи желби.

АДРЕСА – неочекувана посета; бидете внимателни во врска со паричните прашања, не прифаќајте ризични работи.

АДВОКАТ – грижи заради одложување на работите кои ви се многу важни, но ако себе си се сонувате во улога на адвокат, значи дека сите работи ќе ви успеат.

АЕРОДРОМ - ќе ви се оствари љубовниот план.

АЗБУКА – успех во работата, но после тешка и напорна работа.

АЈВЕР – Ако сонувате дека го правите, очекувајте гости, но ако сонувате дека го купувате или јадете, тогаш очекувајте тешкотии во остварување на вашите желби во семејството.

АЈКУЛА – тешкотиите и болестите ќе минат покрај вас.

АКВАМАРИН – ново пријателство на работа, ако сонувате дека го

подарувате, тогаш значи дека љубовта ќе ви биде возвратена.
АКАЦИЈА – Ако се сонува во сезона на цветање, тоа е предзнак за некое разочарување, но ако зиме се сонува акација во цвет, тоа е знак дека ќе ви се исполнат некои потајни желби.
АКАДЕМИЈА – Ако сонувате дека сте станале член на некоја академија, тоа е знак дека сте незадоволни од професионаланта титула или од работата, но ако сонувате дека сте присутни на некој собир во академија, очекувајте пофалби или почести.
АКВАРИУМ – грижи и тешкотии на работа, кавги во семејството или со некоја драга личност.
АКРОБАТ – Ако се сонувате себе си како акробат, бидете внимателни во поглед на здравјето, бидејќи сонот претскажува незгоди, но ако сонувате вистински акробат и тој доживее некоја незгода, или не успее во своите обиди, тоа е предзнак дека вие ќе ја избегнете секоја незгода.
АЛАТ – успех на работа и проширување на работите, ако сонувате дека некому позајмувате алат, знак е дека ќе стекнете нови и вредни соработници.
АЛБАТРОС – посета на непозната личност и добри вести.
АЛВА – лесно заболување.
АЛГА – ненадејно патување.
АЛИШТА – поволни вести, средба со стари познаници, слога во бракот или во љубовта, ако сонувате нови или чисти алишта, но ако сонувате стари, искинати или нечисти алишта, тогаш очекувајте непријатности заради кавги, болест или разделба од пријатели.
АЛКА – успех во работата, задоволство во семејството.
АЛКОХОЛ – Сон со неповолно претскажување, опоменува дека наидуваат тешкотии – што повеќе пиете, толку и тешкотиите ќе бидат поголеми. Ако сонувате дека го пиете во друштво, знак е дека тешкотиите полесно ќе ги совладате.
АЛМАНАХ – кавга со драга личност.
АМБАР – да видите амбар, ќе се најдете во недоумица која работа да ја изберете, вие во амбар значи успех на работа, рушење на амбар значи мали непријатности во љубовта.
АМБУЛАНТА – остварување на желбите.

АМАЈЛИЈА – Ако ја носите, знак е дека наскоро ќе морате да донесете некоја важна одлука; ако сонувате дека само сте ја виделе, знак е дека ќе успеете во работата, со помош на соработниците.
АМБИС – Ако сонувате дека сте паднале во амбис, тоа е знак за тешкотии на работа, но ако сонувате дека сте го избегнале, значи дека тешкотиите лесно ќе ги совладате.
АМБАР – Полн амбар претскажува задоволство после вложениот труд; празен амбар означува тешкотии и разочарувања.
АНАРХИСТ – опомена да бидете внимателни во паричните прашања, посебно ако сонувате дека ги гледате во група.
АНЕГДОТА – успех во друштво.
АНТИЛОПА – ново пријателство.
АНАНАС – задоволство во семејството, покана за некоја веселба.
АНГЕЛ - ќе ви се исполни желба, но после големи тешкотии; но ако себе си се сонувате како ангел, тогаш очекувајте тешкотии.
АНТЕНА – промена која што ќе ве израдува.
АНТИКВАРНИЦА – успех во работата, но ако сонувате дека ги продавате своите книги, тогаш можете да очекувате тешкотии.
АПТЕКА – лошо претскажување: бидете внимателни на работа.
АПЕТИТ – Ако сонувате дека сте гладни, тоа може да биде опомена за некое заболување, но ако сонувате дека имате добар апетит, тоа е знак за тешкотии и неуспех на работа.
АПЛАУЗ – прекинување на односите со пријателите, караници во семејството.
АПСТИНЕНЦИЈА – радост и веселба во семејството.
АПЧИЊА – полесно заболување; но ако сонувате дека некому ги давате, тогаш заболувањето се однесува на таа личност.
АРЕНА – ве опоменува на некоја опасност, но ако сонувате дека сте во друштво и во маса гледачи, тогаш тешкотиите лесно ќе ги совладате.
АС (во карти) – каро претскажува кавга; срце – новост; пик – несреќа; треф – добивка на пари.
АСТМА – тешкотии во остварување на плановите кои ви се драги.
АТЛАС – ве очекува подолго патување, ако сонувате дека подолго разгледувате атлас или мапа, знак е дека ве очекуваат важни работи, но размислете добро пред да решите.

АТЛЕТИЧАР – остварување на плановите на работа, но после напорна работа.
АТМОСФЕРА – Сончев ден претскажува успех во работата, задоволство во семејството; врнежливо и тмурно време – тешкотии и непријатности.
АТЕНТАТ – тешкотии во односите со соработниците на работа.
АШОВ – можност за нови работи, настојувајте да ги искористите и покрај тешкотиите кои ги предвидувате.
Б
БАДЕМ – грижи и тешкотии кои брзо ќе ги совладате.
БАБА - ако ја сонувате татковата или мајкината мајка, очекувајте радост во семејството. Друга баба на сон означува нерасположение и грижи.
БАБИЦА - ќе дознаете некоја тајна.
БАВЧА – бавча со цвеќиња значи женидба или весело друштво; бавча со зеленчук, значи голема добивка.
БАРУТ – ве очекува промена на местото на живеење или на брачната состојба.
БАЗЕН – грижи и тешкотии во семејството.
БАЈОНЕТ – разделба со некој член од семејството.
БАКАЛАР – многу добро претскажување (тоа важи и за другите видови риба).
БАКНЕЖ - радосни вести, ако сонувате дека бакнувате позната личност или дека таа ве бакнува, но ако е личноста непозната, тоа е предупредување да внимавате од лажни пријатели. Ако сонувате дека сте бакнале некое животно, тогаш очекувајте ново пријателство.
БАКНУВАЊЕ – Сон со различно значење: со пријател, сакана личност или туѓа жена или маж, означува слога во бракот, радост, помирување со пријателите. Но, ако сонувате дека се бакнувате со непозната личност или со својот брачен партнер, тогаш очекувајте кавги во бракот или во семејството.
БАЛ СО МАСКИ – да учествувате во него, значи успех, да видите бал, угледот ви е во опасност.
БАЛЕТ – ако сонувате балетска или некоја друга игра во театар, тоа е опомена за некое разочарување и тешкотии, но ако сонувате

и самите дека учествувате во играта, тоа значи дека тешкотиите ќе ги совладате брзо, со помош на пријателите или соработниците на работа.
БАЛОН – ако сонувате балон во воздух, ве очекува некој губиток, но ако сонувате стаклен балон за течност, тоа е добро претскажување, посебно ако е полн или тешко го носите.
БАЛКОН – Ако сонувате дека на него седите, ве очекуваат помалку тешкотии, но ако сонувате дека го напуштате, тогаш тоа е знак дека тешкотиите многу лесно ќе ги совладате.
БАЈОНЕТ – разделба со некој член од семејството.
БАКАЛАР – многу добро претскажување (тоа важи и за други видови риба).
БАНКА – неочекувани тешкотии на работа.
БАНАНА – ве очекуваат мали, но деловни промени во животот.
БАНКЕТ – обично тоа е сон со добро претскажување за помлади личности; за постарите означува недоразбирање со пријателите.
БАНКРОТСТВО – опомена да размислите за вашите планови за нови работи.
БАР – да бидете во барот, ќе изгубите пари; да видите бар, ќе одложите некоја работа.
БАРАБАН - успех на работа, но после расправа и кавга.
БАРАКА – намалување на тешкотиите и подобри денови на работа.
БЕГСТВО – да бегате во сон значи да внимавате од потметнувања; ако сонувате бегство со љубовниот партнер, ве очекуваат кавги; ако видите други љубовници во бегство, тоа е знак за полесно заболување; бегство од пожар означува непријатности; бегство од диво животно предупредува на интриги околу вас; бегство од тешкотии е знак дека лесно ќе ги совладате.
БЕНЗИН – опасност од оган или кавги.
БЕРБА – берба на овошје, ќе се вљубите; берба на зеленчук, многу сте замислени; да видите берба, ќе ве пофалат.
БЕС – ако сонувате бесен човек, очекувајте помирување со личноста со која сте скарани. Бесно животно обично претскажува добри односи со соработниците и пријателите.
БЕСНО КУЧЕ - ќе дознаете за некои оптужби и ќе докажете дека се неоправдани.

БЕРБА НА ГРОЗЈЕ – успех на работа и награди; ако сонувате дека и самите учествувате во бербата, тогаш наградите ќе бидат неочекувано големи.
БЕРБЕР – тешкотии на работа; губиток на пари. Исто значење има и ако сонувате самите да се бричите или некоја справа за бричење.
БИБЕР – успех во семејството, посебно ако вдишувањето на биберот ве натера на кивање.
БИГАМИЈА – задоволство и среќа во бракот.
БИК – очекувајте противник на работа или во љубовта; да видите бик, кавга со пријател; борба со бикови означува опасност.
БИЛИЈАРД – претскажува тешкотии, ако сонувате како играат други; ако учествувате во играта, очекувајте успех на работа или добивка.
БИРО – очекувајте тешкотии, ако сонувате заклучено биро, но ако работите на него, тоа е знак дека тешкотиите лесно ќе ги совладате.
БИСЕР – Ако сонувате дека некој ви подарува бисер, знак е да бидете внимателни, бидејќи можете да бидете излажани. Ако сонувате дека вие некому му давате бисер или ако нишката од бисери се скине во вашите раце, тогаш можете да очекувате жалост и тага, доколку не успееете повторно да ја нанижете, секако на сон.
БИСКВИТА – спешно деловно патување; понекогаш е и опомена за полесно заболување.
БИТКА – тешкотии на работа, кавги со соседите или во семејството; но ако сте на страна на победените сите тешкотии лесно ќе се пребродат.
БИЧКИЈА - ќе решите некои ситни грижи и тешкотии.
БЛАГАЈНИК – Ако себе си се сонувате како благајник, тоа е предзнак за финансиски тешкотии; ако видите друго лице во таа улога, значи дека тешкотиите брзо ќе ги совладате.
БЛАГАЈНИЧКИ КНИГИ – претскажуваат тешкотии, како и секој друг пишан документ или книга.
БЛАГОДАРНОСТ – случка која што ќе ве изненади и израдува.
БЛЕДИЛО – тешка болест, можеби и смрт, личноста чие лице сте го сонувале дека е бледо.
БЛЕСОК – очекувајте вести кои ќе ве развеселат.
БОГ – обично значи радост и веселба; но ако сонувате пцуење,

тогаш очекувајте тешкотии.
БОГАТСТВО – Сон со спротивно значење: колку е поголемо богатството на сон, толку ќе бидат поголеми тешкотиите во стварноста.
БОДЛИКАВО ПРАСЕ – тешкотии на работа.
БОЖИЌ – успех во семејството и на работа. Ако сонувате божиќно дрвце, тогаш очекувајте посета. Ако сонувате дека давате или примате божиќен подарок, тоа е знак за веселба со пријателите.
БОИ – имаат различно значење: бела, мали грижи; црната е злокобна боја, освен во случај ако сонувате погреб, кога означува успех но после големи напори; сината е знак за сомнителни успеси, но и за големи успеси во работата благодарејќи на помошта од пријателите и добрите соработници; црвената е опомена за неслога во семејството или на работа; темноцрвената претскажува вести; жолтата и портокаловата означуваат промени; зелената означува пократко патување и веселба.
БОЕЊЕ - неочекувани тешкотии.
БОКАЛ – очекувајте поволни вести; овој сон е и опомена да ги чувате своите тајни.
БОЛКА – Сон со спротивно значење: колку се посилни болките кои ги сонувате, толку ќе бидат поголеми вашите успеси во стварноста.
БОЛНИЦА – добро претскажување, посебно ако сонувате дека излегувате од неа.
БОЛНИЧАР, БОЛНИЧАРКА – тешкотии во семејството; непријатности на работа.
БОНБОНИ – мир и среќа во семејството.
БОРБА – ако се бориш самиот, имаш луѓе кои ти завидуваат; ако се бориш со некого, кавга во домот; ако гледаш борба, ќе имате проблеми во љубовта.
БОСИЛОК – задоволство заради успех на работа.
БОСОНОГОСТ – незгоди на работа, кои брзо и лесно ќе ги отстраните.
БРАВА – Сон со неповолно претскажување, но ако сонувате дека сте ја отвориле, ќе ги совладате сите тешкотии брзо и лесно.
БРАДАВИЦА – бидете внимателни спрема пријателите кои не ви се вистински.

БРАДА – Ако сонувате дека ја имате, а во стварноста ја немате, тогаш можете да очекувате подобрување на имотната состојба. Седа брада обично претскажува пофалби или награди, а црна секогаш нешто лошо. Ако сонувате друга личност со брада, очекувајте непријатности и тешкотии.
БРАК – Ако сонувате дека склопувате брак, а во стварноста сте оженети, очекувајте големи тешкотии и грижи; а ако не сте оженети, тогаш ве очекуваат големи промени во животот. Ако сонувате дека присуствувате на венчавка на други, тоа е знак дека ќе ви се влоши здравјето; но ако сте сведок при склопување брак, тогаш очекувајте радосни вести. Брак со саканата личност значи безгрижност; брак со познаник означува напредок.
БРАНА – непредвидени губитоци или патување во друга земја.
БРАНОВИ – неповолни вести од позната личност од далеку.
БРАТ – Ако сестра го сонува братот, тоа е знак за задоволство во семејството; ако брат го сонува братот, тогаш може да се очекува препирка со некоја личност.
БРАШНО – Сон со лошо претскажување, посебно ако сонувате дека го купувате во големи количества. Ако сонувате дека месите, тогаш можете да очекувате промени во семејството.
БРЕГ – Ако сонувате рамен брег или со зелени растенија, очекувајте успех на работа или губиток; ако сонувате стрмен брег или гол, очекувајте интриги и расправии.
БРЕЗА – Ако сонувате бреза со зелени лисја, можете да очекувате радосни вести, но ако сонувате дрво без листови, или тие веќе пожолтеле, тогаш некои вести ќе ве растажат.
БРЕМЕНОСТ – големи непријатности, ако маж сонува бремена жена; ако жена сонува бременост, тоа е знак дека сака да & се оствари.
БРЕСТ – радост и веселба заради успеси на работа.
БРОД, ЧАМЕЦ – Ако сонувате дека пловите по мирна вода, тоа е предзнак за успеси на работа; но ако е водата разбранувана, можете да очекувате грижи и тешкотии. Ако сонувате дека паѓате од брод, тогаш вашите тешкотии ќе бидат многу големи.
БРОДОЛОМ – непријатности и тешкотии. Но, ако сонувате дека во тек на бродолом сте испливале на копно или дека некој друг сте

спасиле, очекувајте ново пријателство.
БРОЕВИ – Сон со различно значење: мали броеви претскажуваат задоволство; средни се знак за тешкотии кои лесно ќе ги совладате; големи броеви обично претскажуваат тешкотии.
БРОЈАНИЦА – помирување со некоја личност со која сте во кавга.
БРОНХИТИС – Ве очекуваат големи тешкотии. Но, ако сонувате оздравување од бронхитис, тогаш значи дека сите тешкотии успешно ќе го совладате и ќе доживеете голем успех.
БРОШ - Сон со добро претскажување, посебно ако сонувате дека некому го подарувате.
БРУСЕЊЕ – вашите напори на работа наскоро ќе бидат наградени.
БРЧКИ НА ЛИЦЕТО – ако сонувате дека ги имате, а во стварноста ги немате, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
БРШЛЕН – Ново пријателство и добро здравје, освен ако сонувате дека листовите се пожолтени и опаднати.
БУБАЧКИ – Кавги и непријатности.
БУВИ – Сон со лошо значење: грижа и кавги во семејството или на работа.
БУДАЛА – Добро е претскажувањето ако сте сонувале будалеста личност или дека сте направиле нешто будалесто.
БУДЕЊЕ – Сон со добро значење, без разлика дали сонувате свое будење, будење на некој друг.
БУКА – кавга помеѓу пријателите или со роднините.
БУКВАР – веселба поради некоја случка во семејството.
БУКЕТ – Ако сонувате дека сте примиле букет цвеќе, очекувајте радосни вести, но ако сонувате дека се го испуштиле или фрлиле, тогаш очекувајте кавга со некој пријател или разделба.
БУНАР – Сон со добро значење, ако е водата чиста. Ако сонувате дека е водата матна или дека ја нема во бунарот, тоа е знак дека ве очекуваат грижи и тешкотии.
БУНДА – задоволство заради неочекувана добивка во пари.
БУРГИЈА – Сон со многу лошо значење, што важи и за сите други остри и зашилени алатки. Обично претскажува тешки заболувања или смрт.
БУРЕ – Ако сонувате полно буре, тоа е знак за успех и напредок. Празно буре означува тешкотии, а ако сонувате дека го полните,

тогаш значи дека тешкотиите лесно ќе ги совладате.
БУНИЛО – Ако сонувате свое бунило, тоа е знак дека ви се приближува некоја опасност; ако сонувате некое друго лице во таа состојба, тоа значи дека некој пријател настојува да ви помогне, без ваше знаење.

В

ВАГА – Неизвесност и несигурност на работа; бидете внимателни спрема вашите планови за проширување на работите.
ВАГОН – губиток во пари, ако сонувате дека се возите во него; но ако сонувате вагон полн со некои предмети или луѓе, тогаш очекувајте ненадеен успех.
ВАЗА – Задоволство заради успех на работа; но ако сонувате дека сте ја испуштиле или скршиле, можете да очекувате недоразбирање со некоја блиска личност.
ВАЛЦЕР – пријателите ви помагаат, но тоа не го покажуваат; ако сонувате други личности како играат, очекувајте грижи и тешкотии.
ВАМПИР – тешкотии на работа, кавги и несогласувања во бракот.
ВДОВЕЦ, ВДОВИЦА – неочекувана посета и поволни вести; радост и веселба.
ВЕЃИ – очекувајте поволни вести од некој пријател.
ВЕЗ – ситни грижи, кавги во семејството.
ВЕЛОСИПЕД – успех во работата, ако сонувате нов велосипед или негово возење; но скршен или закочен велосипед навестува непријатности, кавги или болест.
ВЕНЕЦ – Сон со различно значење: ако е од природно цвеќе и наменет за украс, тогаш претскажува радост и веселба; но ако е од вештачки материјал и наменет за погреб, тогаш значи жалост и грижи.
ВЕНЧАВАЊЕ – Сон со различно значење: ако сте во брак, а го сонувате соето венчавање, очекувајте кавга или несогласици; ако сонувате венчавање на други личности, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги отклоните. Исто значење има и ако сонувате дека учествувате во договарање на венчавање.
ВЕНЧАЛЕН ПРСТЕН – раздвојување од драга личност, посебно ако сонувате дека сте го симнале од прст или сте го изгубиле.

ВЕЛ – Сон со лошо значење, посебно ако сонувате дека го носите за време на свадбена свеченост; но ако сонувате дека сте го симнале, значи дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ВЕПАР – смирување со противникот; но ако сонувате див вепар, очекувајте тешкотии со соперниците на работа, кои ќе бидат посебно тешко ако вепарот го ловите, па не го застрелате.
ВЕРИДБА – промени во семејството. Ако не сте во брак, а сонувате свршувачка, знак е дека наскоро ќе ја засновате; но ако сте во брак и ја сонувате својата веридба или на некоја друга личност, знак е дека ве очекуваат обврски кои без задоволство ќе ги прифатите.
ВЕСНИЦИ – важни вести и поволни промени во животот.
ВЕТАР – Очекувајте поволни вести – колку посилен ветар сонувате толку тие ќе бидат поповолни. Но, ако сонувате бура која и вас ве носи, очекувајте тешкотии до кои ќе дојде не по ваша вина.
ВЕТЕРНИЦА – мала добивка; бидете внимателни спрема соперниците.
ВЕТРОКАЗ – промени на работа и грижи.
ВЕРА – Сон со лошо претскажување, посебно ако сонувате дека имате тешкотии со личност од друга вероисповест.
ВЕРВЕРИЦА – радост и задоволство, после напорна работа.
ВЕСЛО – Сон со поволно значење, ако сонувате само весло или дека со него веслате во чамец. Ако сонувате други веслачи, сами или со вас, тогаш очекувајте тешкотии, кои брзо ќе ги совладате. Многу лош знак е ако сонувате дека веслото сте го скршиле или изгубиле.
ВЕШТЕРКА – Во секој случај, сон со многу лошо претскажување.
ВЕЧЕР – успешно ќе ги совладате сите грижи кои ве мачат.
ВЕЧЕРА – Сите видови оброци имаат насон спротивно значење: што е оброкот пообилен, толку ќе бидат поголеми тешкотиите. Ако сонувате вечера во друштво, знак е дека ве очекува пофалба или награда.
ВИДИК – Ако сонувате пред вас природа, сончева и светла, тоа е знак дека ве очекуваат радости и веселби, но ако е пејсажот тмурен и магловит, ве очекуваат тешкотии.
ВИДРА – успешен завршеток на тешки работи.
ВИЛА (зграда) – ве очекуваат поволни вести, ако сонувате дека

поминувате покрај нечија вила: но ако сонувате своја вила, очекувајте тешкотии во семејството.
ВИЛИ – тешка и напорна работа. Ако сонувате дека сте ги скршиле, тогаш значи неуспех во работата.
ВИЉУШКА – Сон со лошо значење, што важи и за сите други предмети со остро сечиво или шилест врв.
ВИЛИЦА – расправија во семејството, ако сонувате дека вилицата ви е повредена; но ако сонувате оздравување, тоа е знак дека кавгата ќе помине без никакви последици.
ВИНО – Сонот се однесува само на личниот или семејниот живот, и обично означува помали промени или патување.
ВИНОВА ЛОЗА – помал губиток на пари.
ВИНОГРАД – напорна работа, но и голема радост и задоволство.
ВИНОЖИТО – промени кои што ќе ви донесат задоволство.
ВИОЛИНА – успех на работа, напредување во професијата.
ВИР – наследство, во блиска иднина. Но, ако сонувате дека сте се топеле во вир, очекувајте големи тешкотии и грижи.
ВИСКИ – тешкотии од материјална природа, избегнувајте долгови.
ВИТЕЛ, ВРТЕЛЕШКА - ќе добиете покана за некоја свеченост.
ВИОР – вести за несреќна случка и грижи.
ДА ВИСИТЕ – Ако сонувате дека некој или нешто виси, знак е дека ве очекува голема опасност.
ВЛЕКАЧИ – непријатности заради задкулисни постапки на некои ваши соработници на работа, од кои тоа не го очекувате.
ВНУК, ВНУКА – радост, веселба, добро здравје, долг живот.
ВОЛ, ВОЛОВИ – сон со многу поволно значење, посебно ако сонувате поголем број волови на ливада – успех во работа и во љубовта.
ВОДА, РЕКА, МОРЕ, ОКЕАН – Ако сонувате дека пиете бистра вода, очекувајте да ви се исполни голема желба; матна вода е знак за тешкотии. Одење по вода означува успех во работата.
ВОДЕНИЦА – кавга со личност која ви е драга .
ВОДЕНИЧНКО ТРКАЛО – претскажува промени: нова работа, нови пријатели,поголеми приходи.
ВОДЕНИЧАР – промени во семејството.
ВОДОПАД – покана за учество на приредба; озборување, но без

последици.
ВОДОСКОК – радост и веселба.
ВОДИЧ - Ако себе си се сонувате во улога на водич, тоа е знак дека пријателите ќе ви дадат помош во разрешување на тешкотиите.
ВОДОМЕР – поволни промени на работа.
ВОЗ – големи промени на работа, ако сонувате патување со воз. Но, ако сонувате дека само го гледате, и тоа во движење, можете да очекувате тешкотии во семејството.
ВОЗБУДУВАЊЕ – Не придавајте големо значење на малите замерки на соработниците на работа; размислете, можеби се во право.
ВОЗДУХ – успех на работа, ако сонувате чист воздух и сино небо; но ако е воздухот нечист, а небото облачно или магловито, можете да очекувате тешкотии, особено во врска со промените на работа.
ВОЗДУШНА ЛАЃА – претскажува прилив на поголема сума пари.
ВОЗДУШНА ПУШКА – предупредување дека наидуваат тешкотии на работа, било само да ја гледате или пак да сонувате дека со неа пукате.
ВОЈНА – кавги, грижи, тешкотии на работа; но ако сонувате завршеток на војна, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ВОЈНИК – означува промени, главно неповолни. Колку е поголем бројот на војници кои ги сонувате, толку ќе ви бидат поголеми промените. Ако сонувате војници во марш, очекувајте патување кое нема да ви се допадне.
ВОЛК – непријателство, посебно ако го гледате или слушате виење. Ако сонувате дека сте го убиле, ве очекува успех на работа; ако трча по вас ќе имате тешкотии на работа, но ако вие го прогонувате, тешкотии ќе има, но лесно ќе ги совладате.
ВОЛНА – Сон со поволно претскажување, најчесто означува подобрување на имотната состојба. Ако сонувате дека чешлате волна очекувајте тешкотии заради интриги; ако сонувате дека волната ја чешла друга личност, знак е дека лесно ќе ги пребродите тешкотиите.
ВОСОК – тешкотии во врска со пари кои некому сте ги позајмиле.
ВОСХИТУВАЊЕ – Сон со лошо претскажување: грижи во домот,

неуспех во работата.
ВРАНА – Значењето на сонот е поврзано со бојата – црната боја е секогаш злокобен предзнак. Посебно е неповолно ако сонувате голем број врани. Поволно значење единствено ако сонувате дека сте убиле врана; во тој случај значи дека ќе се ослободите од некој противник.
ВРАБЕЦ – посета од драга личност, посебно ако сонувате дека ви е дома или да го учите да зборува. Јато врапци претскажуваат промени, неповолни во почеток, но со задоволсво на крај.
ВРАБОТУВАЊЕ – конфликт на работа, ако сонувате дека некого вработувате; но ако сонувате дека вас некој ве вработува, очекувајте добри вести во врска со работата.
ВРАТ – Ако сонувате болки во пределот на вратот, можете да очекувате губиток на пари, кои ќе ве изненадат.
ВРАТА – Сон со неповолно значење, посебно ако сонувте затворена врата; ако сонувате просторија со повеќе врати, тогаш бидете многу внимателни при решавање во новите работи.
ВРБА – радосни вести за личност која што ви е драга. Ако сонувате жална врба, очекувајте голема радост во семејството и веселба.
ВРЕТЕНО – Да го видите во сон, знак е дека наскоро ќе слушнете некоја поволна вест; ако самите го вртите, очекувајте некоја значајна случка, која ќе ве израдува.
ВРЕЌА – Сон со неповолно значење; но ако сонувате дека вреќата е полна и вие ја празните, знак е дека с# ќе се заврши без поголеми тешкотии. Празна или искината вреќа претскажува грижи, жалост и губиток на пари.
ВРТОГЛАВИЦА – Сонот претскажува промена, која бара да бидете внимателни.
ВРШИДБА – Сон со поволно значење, посебно ако сонувате дека вршите жито. Ако само набљудувате вршидба, тоа значи дека ве очекуваат успеси на работа, но после напорна работа.
ВУЈКО, ВУЈНА – оздравување на болен, радост, веселба.

## Г

ГАВРАН – Сон со многу лошо претскажување, поврзано со црна боја: очекувајте непријатни вести, тешкотии, болест, а можеби и смрт, посебно ако сонувате лет на гавран околу куќа.

ГАЗА – помош од пријател од кој не ја очекувате.
ГАЗЕЛА – Ако го сонувате ова животно со нежни очи, очекувајте груби постапки спрема вас, но од искрен пријател.
ГАЛЕБ – Сон со лошо претскажување, посебно за поморците. Но, ако не сте морнар, а сонувате галеб на јарбол, очекувајте патување во друга земја.
ГАЛЕРИЈА – грижите кои што ве притискаат брзо ќе поминат, освен ако сте сонувате дека сте паднале од галерија.
ГАЛЕРИЈА СО СЛИКИ – очекувајте важни вести, ако сонувате посета на галерија; ако купувате слики, тогаш сонот означува дека вестите ќе се однесуваат на пари, кои не ги очекувате.
ГАЛОП – на рамен пат, претскажува успех и веселба; по нерамен пат, предупредува на претстојни тешкотии. Пад од коњ во галоп означува големи грижи или тешка болест.
ГАЌИ – Сон со лошо претскажување, посебно ако сонувате искинат гаќи или дека сте ги изгубиле. Ако сонувате дека купувате нови, знак е дека лесно ќе ги отстраните непријатностите. Ако сонувате дека ги позајмувате, очекувајте голема кавга со блиска личност.
ГАСЕНИЦА – ќе ве изневери личност од која тоа не сте го очекувале.
ГАТАЧ Сон со многу лошо претскажување; но ако сте вие во улога на лице кое гата, тогаш можете да очекувате успех во работите кои сте ги замислиле.
ГИБАНИЦА – радост и веселба.
ГИМНАСТИКА – грижи и тешкотии на работа.
ГИПС – задоволство заради успех на работа.
ГИТАРА – очекувајте подарок. Но, ако сонувате дека жиците се искинале или мелодија која не ви се допаѓа, можете да очекувате кавга во семејството.
ГЛАВА – Сон со лошо претскажување, посебно ако сонувате избричена, ќелава или исшишана глава. Бујна коса, седа и виткана, означуваат награди или почести.
ГЛАВОБОЛКА – Задевање околу парничење, ако сонувате дека ви поминала, знак е дека с# ќе помине без тешки последици.
ГЛАД – опомена заради некое заболување или парична добивка.

ГЛАДУВАЊЕ – ако сонувате дека немате доволно храна, очекувајте подобрување на имотната состојба.
ГЛАС – Да слушнете глас од некоја личност, знак е дека пријателите ќе ви помогнат со совети; ако слушате поголем број гласови, ќе доживеете некое задоволство; ако слушнете весел разговор на другите личности, ве очекуваат тешкотии заради интриги.
ГЛАСАЊЕ – укажува на ваша колебливост во остварување на некои желби; размислете добро за с# и решете се.
ГЛАСНИК – сон со спротивно значење: ако ви донел добра вест, очекувајте разочарување; но ако сонувате дека ви донел неповолна порака, тоа е знак дека ве очекуваат добри работи и успех во работата.
ГЛАДИЈАТОР – претскажува случувања кои ќе ве вознемират.
ГЛЕДАЊЕ – Ако сонувате дека гледате во висина, очекувајте препреки во остварување на своите замисли на работа, но ако гледате надолу, препреките ќе бидат помалку и брзо ќе ги совладате.
ГЛИСТА – бидете внимателни во своите изјави и разговори.
ГЛОБУС – патување во странска земја или писмо од пријатели од далеку.
ГЛУМА – Ако сонувате дека глумите или дека учествувате во некоја забавна приредба, тоа е знак дека ќе се одложи извршување на некои ваши замисли.
ГЛУМЕЦ, ГЛУМИЦА – Ако сонувате средба на улица, ве очекуваат тешкотии во семејството, но ако во сон ги гледате во театар, тоа е знак дека лесно ќе ги совладате тешкотиите.
ГЛУШЕЦ – губиток заради лоши односи со соработниците; чувајте се од крадци.
СТАПИЦА ЗА ГЛУВЦИ – верност на пријател која ќе се потврди во некоја помала незгода која ве очекува.
ГНАСЕЊЕ – помали тешкотии во работата.
ГНЕЗДО – успех во семејството и на работа; но ако сонувате празно гнездо или со мртви птици во него, ве очекува губиток на пари.
ГНОЈ – потешко заболување.
ГОВЕДА – успех на работа; ако сонувате дека ги терате говедата,

тоа е знак дека успехот ќе дојде после напорна работа. Црно или слабо говедо претскажува тешкотии.
ГОВЕДСКО - ќе ви се подобри имотната состојба.
ГОВОР – сон со поволно значење, било да сонувате свој говор, било да слушате говор на друга личност. Ако е говорот на странски јазик, тогаш очекувајте новост, најверојатно во скоро патување во друга земја.
ГОВОРНИК – ве очекува некоја навреда, а ако се сонувате себе си во таа улога, тогаш бидете внимателни во разговорите со соработниците.
ГОЗБА – Сон со спротивно значење; ве очекуваат грижи. Но, ако вие приредувате гозба, знак е дека грижите брзо ќе ги отстраните.
ГОЛ – Да се сонувате себе си гол значи дека ќе имате губитоци.
ГОЛ – ако сонувате дека сте го постигнале на натпревар, очекувајте грижи и тешкотии; но ако некој друг го постигнал, тоа е знак дека ќе ги совладате сите тешкотии.
ГОЛФ – опомена да посветите повеќе внимание на своите работи.
ГОРДЕЛИВЕЦ – познанство со личност под вашите очекувања.
ГОРДОСТ – успех во работата, од кој најмногу корист ќе имаат вашите соработници со кои најчесто соработувате.
ГОСТИ– Сон со лошо претскажување; колку повеќе гости, толку поголеми тешкотии и непријатности во животот. Бидете внимателни во врска со кавгите и препирките.
ГОНДОЛА – задоволство, но и монотон живот.
ГОНГ – возбудлива случка во семејството; не потценувајте ја.
ГРАВ – состанок со пријатели; вести кои ќе ве израдуваат. Но, ако сонувате дека го чистите од мешунки, тогаш очекувајте тешкотии заради вашите одлуки донесени набрзина.
ГРАВИРАЊЕ – успех во работата и промени на местото на станување.
ГРАД – грижи и разочарувања.
ГРАД – проширување на работата. Но, ако сонува град личност која живее во село, тоа ја опоменува дека желбите се неостварливи.
ГРАДИЛИШТЕ – размислете добро за своите планови на работа.
ГРАДЕЊЕ – Ако сонувате дека нешто градите, сами или со другите личности, можете да очекувате голем успех на работа.

ГРАДИ – Сон со многу поволно претскажување, ќе ви се исполни некоја дамнешна желба; исклучок е ако сонувате запаление на градите – тогаш очекувајте некое заболување.
ГРАДИНА – успех на работа и добивка; но ако сонувате запуштена градина, тоа е знак да бидете внимателни спрема лажните пријатели.
ГРАМОФОН – озборувања и итриги од личности од кои тоа не го очекувате.
ГРАШОК – Сон со добро претскажување, посебно ако сонувате дека е во цвет. Но, ако сонувате дека го берете, продавате или купувате, можете да очекувате непријатности и грижи.
ГРБ – заштита или помош од пријатели или некој орган од власта.
ГРБКА – Ве очекува голема добивка, било да сонувате грбав човек или пак себе си со грбка.
ГРЕБЛО – поволни промени во семејството.
ГРЕДА – Претскажува тешкотии на работа; ќе ги совладате, но со многу труд и пожртвување.
ГРЕШКА – Ве очекуваат поволни вести, посебно ако сонувате дека вас заради некои грешки ве гушкале.
ГРИЖА – Сон со спротивно значење: што поголеми грижи ве мачат на сон, толку поголеми задоволства ве очекуваат во стварноста.
ГРЛИЦА – ГУРГУЛИЦА - задоволство во семејството.
ГРМУШКА – препреки и промени на работа; ако сонувате дека сте поминале низ грмушка, значи дека сите препреки успешно ќе ги совладате.
ГРОБ – Сон со неповолно значење, посебно ако сонувате дека лежите во него или дека читате натпис на него. Но, ако сонувате отворен гроб или дека го копате, тоа е знак за некоја веселба и забава.
ГРОБАР – очекувајте поволни вести.
ГРОБИШТА - ќе ги совладате тешкотиите кои ве загрижуваат; но ако сонувате шетање по гробишта, очекувајте непријатности и грижи.
ГРОМ – Сон со многу лошо претскажување, посебно ако сонувате удар од гром во вашата куќа или во близина. Но, ако сонувате дека само слушате грмење, можете да очекувате поволни вести.

ГРОЗНИЦА – Ако сонувате дека имате грозница, бидете уверени дека здравјето ви е добро.
ГРОЗЈЕ – Сон со добро претскажување; но ако сонувате дека јадете кисело грозје, тогаш размислете за своите намери за нови работи.
ГРЧ - очекувајте повик за учество на некој собир.
ГУБИТОК – Сон со многу лошо претскажување, посебно ако сонувате паричен губиток. Ако сонувате дека сте изгубиле некоја драга личност, тоа претскажува кавги.
ГУЛАБИ – радост во семејството, вести од пријатели. Но, ако сонувате дека сте фатиле гулаб или дека видите загинат, тоа претскажува губење пари или пријатели.
ГУЛАБАРНИК – веселба и радост во семејството.
ГУМА ЗА БРИШЕЊЕ – очекувајте помали промени, кои можат да бидат неповолни, посебно ако сонувате дека не сте успеале со бришењето.
ГУСАР – Не претерувајте во љубовта; непријатности во бракот.
ГУСКИ – Сон со многу добро претскажување, посебно ако сонувате дека летаат – очекувајте добиток. Но, ако гакаат, тоа е знак дека некој ве озборува.
ГУСЛИ – Ако сонувате дека ги слушате, тоа е знак за парични тешкотии; но ако сонувате дека свирите со гусли, очекувајте радост и веселба.
ГУША – непријатности и разочарувања.
ГУШКАЊЕ – непријатности од прикриени противници.
ГУШТЕР – претскажува незгоди и тешкотии; ако сонувате мртов гуштер или дека сте го убиле, тоа е знак дека лесно ќе ги совладате сите тешкотии.
Д
ДАВЕЊЕ – Сон со поволно претскажување, било да сонувате своe давење во вода, било нечие друго – обично значи дека ќе совладате некоја препрека. Исклучок е ако сонувате давење во матна вода или во кал – во тој случај очекувајте грижи или ненадејна болест.
ДАЈРЕ – непостојаност на партнерот во љубовта или во бракот.
ДАНОК – парични губитоци, но акосонувате дека сте го исплатиле тоа е знак дека губитокотбрзо ќег надополните.
ДАСКА – Случувања кои ќе ве вознемират; ако сонувате стружење

на даска, тоа е знак за потешко заболување, па и смрт на некоја поблиска личност.
ДАЛЕЧИНА – Тоа е лош предзнак ако сонувате дека сте оддалечени од својата куќа и семејство или од пријателите – обично означува здравствени тешкотии. Но, ако сонувате дека се тие оддалечени од вас, тогаш значи дека ќе добиете поволни вести.
ДАТУМ - ќе дознаете важна случка.
ДВОБОЈ – ве опоменува на злобни противници.
ДВОРЕЦ, ЗАМОК - успех на работа или напредување во професијата. Но, ако сонувате разурнување на дворецот, очекувајте грижи и непријатности.
ДВОР – Уреден двор е знак за успех на работа; но ако сонувате неуреден двор или дека го чистите, тоа претскажува кавги.
ДЕБЕЛЕЕЊЕ - парични непријатности.
ДЕВОЈКА - ќе слушнете вест која што ќе ве изненади или ќе примите одговор кој долго сте го очекувале. Ако сонувате љубов со невина девојка, тогаш бидете внимателни спрема лажните пријатели. Стара девојка значи дека некоја желба нема да ви се исполни.
ДЕДО – Сон со многу добро претскажување, посебно ако сонувате дека се со вас и внучињата.
ДЕТЕ – Сон со различно значење: ако сонувате свое дете здраво и весело, тоа е знак за среќа во брак и слога во семејството, посебно ако детето си игра. Но, ако сонувате туѓо дете, посебно ако е болно или расплакано, тогаш можете да очекувате грижи и неволји.
ДЕТЕКТИВ – вест која ќе ја потврди исправноста на вашето мислење.
ДЕТЕЛИНА – радост и задоволство во семејството; но ако сонувате детелина со четири листа, знак е дека плановите ви се нереални.
ДИВА РОЗА – ново познанство и пријателство.
ДИВА СВИЊА – непријатност на работа.
ДИЈАМАНТ – обично претскажува тешкотии заради доверба во луѓето кои тоа не го заслужуваат; но ако сонувате дека сте го нашле, тогаш очекувајте радосни вести.
ДИМ – успех на работа, но под вашите очекувања; ако димот е густ

и црн, ќе доживеете големо разочарување.
ДИЊА – неповолни вести од пријатели.
ДИПЛОМА – Сте ги занемариле своите способности и можности; ако ги искористите, ќе постигнете големи успеси во животот.
ДИСКУСИЈА – Сон со добро претскажување, ако е дискусијата мирна и достоинствена; но ако е остра и жолчна, тоа е знак дка ве очекуват интриги и непријатности.
ДОВЕРИТЕЛИ – бидете внимателни при задолжувањето, бидејќи паричните тешкотии ќе ве натераат да земете пари на заем.
ДОГА – интриги. Ако сонувате дека ве каснала, тешки последици од интрига. Ако жена сонува дога, значи дека мажот & е верен.
ДОГОВОР – сте планирале некоја важна работа, ако сонувате потпишување на договор; но ако сонувате дека читате договор, тоа е знак дека од планирањето нема да има никаква штета.
ДОДВОРУВАЊЕ – Не јуначете се со своето здравје; бидете внимателни спрема блиските.
ДОЗВОЛА – промена на занимање кое поволно ќе се одрази на имотната состојба.
ДОКОЛЕНИЦИ – успех во бракот и во љубовта.
ДОМ – напредок на работа и во професијата.
ДОЛИНА - желбата нема да ви се исполни; не го преценувајте своето здравје, бидејќи сонот претскажува помали заболувања.
ДОМАТ – радост, задоволство, веселба, ако сонувате билки со плод; но ако берете или јадете, тогаш очекувајте полесно заболување.
ДОСИЕ – ве очекува нова работа; искористете ја можноста за зголемување на своите приходи.
ДРАГИ, ДРАГА – радост и веселба.
ДРАМА (во театар) – Сон со добро претскажување, посебно ако го набљудувате нејзиното изведување, но во тоа самите не учествувате.
ДРВА – тешкотии на работа, осебно ако сонувате дека самите ги сечете или цепите.
ДРВЕНА ГРАДБА - ве очекуваат вести кои ќе ве изненадат и израдуваат.
ДРВЕНИ СКАЛИ – успех на работа, напредување во звањето; но

ако сонувате дека сте паднале од нив, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
ДРОГА – бидете внимателни на работа, бидејќи сонот претскажува дека се плетат големи интриги околу вас.
ДРСКОСТ – очекувајте тешкотии ако сонувате дека сте дрски спрема некоја личност; но ако сонувате дека некој е дрзок спрема вас или некој друг, тоа значи успех на работа и стекнување нови пријатели.
ДРУМСКИ РАЗБОЈНИК – вести кои ќе ве изненадат и зачудат.
ДРВО, ДРВЈА – Сон со многу добро претскажување, посебно ако сонувате дрво или дрвја со зелени лисја или плодови. Но, дрво со суви или опаднати лисја навестува грижи и разочарувања. исто значење има и дрво со скршени гранки.
ДУДИНКИ – мирен и сложен живот во бракот; за немажени и неженети слога и разбирање.
ДОЖД – Слаб дожд претскажува мали грижи; силен дожд означува голем губиток на пари. Но, ако сонувате дека сте покиснале, тогаш бидете внимателни во поглед на своето здравје.
ДОЛГ – грижи и проблеми. Ако сонувате дека сте исплатиле некој долг, тоа е знак за некое заболување.
ДУКАТИ – обично претскажуваат подобрување на имотната состојба.
ДУЊА – Ако сонувате дрво со плодови, ве очекува голема добивка. Но, дрбо без плод или со жолти лисја претскажува тага и жалост.
ДУПКА – познанство со непожелна личност, ако сонувате дека сте паднале во некоја дупка; но ако сонувате дека сте ја прескокнале, тоа е знак дека од тоа познанство ќе имате корист.
ДУРБИН - ќе ви се исполни желбата, но не така брзо како што очекувате.
ДУХ – Сон со многу неповолно претскажување, посебно ако за време на сонот и се уплашите. Но, ако во сонот не покажете страв или духот исчезне, тогаш значи дека непријатностите ќе бидат мали и без последици.
ДУШЕК – Нов душек претскажува подобрување на имотната состојба. Но, ако сонувате стар и неуреден душек, тоа е знак дека ќе имате парични грижи и тешкотии.

ДУШКАЊЕ – размислете за држењето на тн. пријатели; бидете внимателни во решавањето за идните работи.
Ѓ
ЃАВОЛ – Сон со многу лошо претскажување: очекувајте кавги, грижи, жалост, клеветења. Исклучок е ако сонувате дека го бркате ѓаволот и дека во тоа сте успеале, во тој случај можете да очекувате радост и задоволство.
ЃЕРДАН – среќа во бракот или во љубовта, без разлика дали сонувате златен или сребрен ѓердан.Пзнанство ако сонуватедека горимате или давате; но ако сте гоискинале или изгубиле, тогаш претскажува грижи, кавги, несогласувања во бракот, раскин со саканата личност.
ЃОН – Ако сонувате нов ѓон, очекувајте радост и задоволство; но ако сонувате искинат ѓон значи дека ќе имате грижи и тешкотии со должниците.
ЃУБРЕ, СМЕТ - ќе дознаете важни работи, кои ќе ве израдуваат.
ЃУБРИВО – Сон со многу добро претскажување, посебно ако сонувате растурање на ѓубриво по нива. Но, ако сонувате недостаток на ѓубриво, очекувајте тешкотии во поглед на здравјето.
ЃУБРИШТЕ – подобрување на имотната состојба; колку е поголемо ѓубриштето, толку ќе ви се зголеми имотот.
ЃУРЃЕВЧЕ – ве очекува дар од блиска личност.
Е
ЕГЗИЛ – патување и работа во странска земја.
ЕЖ - интриги, секирации, љубомора но ако сонувате дека ги вовлекол своите боцки, тоа е знак дека се ќе помине без потешки последици.
ЕЗЕРО – Значењето на сонот зависи од водата: ако е бистра и мирна, очекувајте слога и љубов во бракот и семејството; но ако е водата матна или разбранувана, тогаш можете да очекувате тешкотии, кои ќе ги совладате после трпелива работа.
ЕКРАН (во кино или телевизиски) – неочекуван подарок.
ЕКСПЕДИЦИЈА – опомена за тешкотии, посебно ако сонувате дека сте член на некоја експедиција за искачување на големи врвови.
ЕКСПЛОЗИЈА – неповолни вести во врска со некој член од вашето семејство.

ЕКСТРАВАГАНЦИЈА – најчесто означува веселба и слога во семејството.
ЕЛЕКТРИЧНА СТРУЈА – возбудување заради некоја случка во семејството.
ЕЛЕКТРИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ – Сонот предупредува на опасност, посебно ако сонувате дека се изгаснало или дека поправате дефект.
ЕЛЕН – радост и веселба, ако сте сонувале елен во шума; но ако сте го сонувале во зоолошка градина или ако сте го ловеле и отстрелале, тогаш очекувајте жалост и тага – доколку се поголеми радостите и веселбите во сон заради успехот во ловот, толку ќе бидат поголеми разочарувањата во стварноста.
ЕЛКА – успех на работа, слога во бракот и во семејството, а тоа го претскажува и секое друго дрво со зелени лисја или иглички.
ЕПОЛЕТИ – за машките успех на работа или напредување во професијата; за женските познанство со личност во униформа.
ЕПИДЕМИЈА – ново познанство.
ЕРУПЦИЈА – навестување дека сите тешкотии ќе ги совладате полесно отколку што очекувате.
ЕРГЕЛА – неочекувана добивка и подобрување на имотната состојба.
ЕРЕБИЦА – повеќе мали грижи; но ако сонувате дека еребиците одлетале, грижите ќе поминат без никакви последици.
ЕСЕН – Средината во која што работите не ви е наклонета, размислете за своите постапки.
ЕХО – наскоро ќе слушнете добри вести за некој член од семејството.
Ж
ЖАБА – Сон со различно претскажување: голема крастава жаба означува грижи и жалост; мала – радост и веселба, посебно ако слушате движење. Ако сонувате дека сте убиле жаба, очекувајте губиток на работа.
ЖАЛБА – Ако сонувате поднесување жалба, тоа е знак дека во работите ќе зависите од другите личности; но ако вие примате нечија жалба, можете да очекувате исполнување на некоја дамнешна надеж.

ЖАЛБА ВРБА – Сон со спротивно значење: задоволство во семејството.
ЖАЛЕЊЕ, ОПЛАКУВАЊЕ – поволни вести или успешно завршување на некоја работа.
ЖАРТИЕРИ - остварување на желби, но после помали тешкотии.
ЖДРЕБЕ – успех на работа, со помош на пријателите; веселба во семејството.
ЖЕГА – пријателите ќе ви се обратат за помош.
ЖЕД – сон со неповолно значење; но ако сонувате дека жедта сте ја згаснале со пиење, очекувајте дека сите препреки успешно ќе ги пребродите.
ЖЕЗЛОНОСЕЦ – очекувајте пофалби и одликувања.
ЖЕЛЕ – набрзо ќе се соочите со големи тешкотии на работа.
ЖЕЛЕЗНИЦА – неочекувани вести и патување; ако сонувате и железничка несреќа, ќе патувате со несакана личност.
ЖЕЛКА – успех на работа и долг живот, но ако работите и живеете разумно и промислено.
ЖЕНА, СОПРУГА, МАЖ - Ако ја сонувате својата сопруга, тоа е знак дека ќе ви се исполни некоја желба; ако сонувате кавга со сопругата, очекувајте тешкотии.
ЖЕНИ – обично означуваат успех на работа или во животот; женски глас претскажува промени на работа; грда или стара жена означува успех на работа или во личниот живот; млада или убава жена претскажува тешкотии.
ЖЕРАВИЦА – грижи и непријатности.
ЖЕТВА – слога во семејството; успех на работа, посебно ако сонувате дека и вие жнеете.
ЖЕТВАР – успех на работа.
ЖИВА – ве очекува покана за некоја веселба.
ЖИВ ПЕСОК – не донесувајте одлуки набрзина, бидејќи сонот претскажува многу промени.
ЖИГ – некој дволичен соработник се обидува да наштети на вашиот углед.
ЖИВИНА – колку е поголем бројот на живината која ја сонувате, толку ќе биде бидат поголеми успесите на работа.
ЖИВОТНИ – Мачка и куче во сон, не се добри предзнаци.

Останати диви или питоми животни, ако се мирни, претскажуваат поволни случувања, но ако се вознемирени или вас ве напаѓаат, тогаш грижи и невољи. Исклучок се птиците, кои по правило претскажуваат радост и веселба. Гледате и посебно за животните кои најчесто се сонуваат.
ЖИР – поволни вести; ако сонувате дека собирате жир, можете да очекувате голема добивка, кои многу ќе ја поправат вашата имотна состојба.
ЖИТО, ЖИТАРИЦИ – сон со многу добро претскажување, посебно ако сонувате зрело и полно класје; зелено класје навестува успех на работа, но после напорна и тешка работа.
ЖИТНО ПОЛЕ – слога и веселба во семејството; успех на работа.
ЖУБОР НА ВОДА – успех на работа и покрај отпорот на прикриените противници.
ЖОЛЧКА – добиток на лотарија или слични игри.
ЖОЛТИЦА – поволни вести кои ќе ве израдуваат и развеселат.
ЖОЛТА БОЈА – непријатности.
З
ЗАБАВА – Сон со многу неповолно претскажување, посебно ако сонувате дека присуствувате на некоја забава, што најчесто означува смртен случај во блиска средина.
ЗАБИ – Сон со многу лошо значење: грижи, болест, тешкотии во семејството и на работа. Но, ако сонувате здрави и бели заби, тогаш очекувајте успеси на работа и зголемување на вашиот углед во средината во која работите.
ЗАБИВАЊЕ – тешкотии во животот, тешка работа, посебно ако сонувате дека нешто забивате со веќе употребувани шајки.
ЗАБОРАВАЊЕ – Ако сонувате дека нешто сте заборавиле, очекувајте неуспех во работа или некој добиток.
ЗАГРИЖЕНОСТ – ослободете се од грижите кои ве притискаат.
ЗАВЕРА – промени, изненадувања, размени на писма со важни личности; но ако сонувате дека сте учествувале во завера, очекувајте кавга со личност која ви е драга и разделба.
ЗАВЕСА – Сон со лошо претскажување во врска со некоја личност во која имате голема доверба; ако сонувате дека сте ја развлекле завесата, тоа е знак дека за непријатностите ќе бидете опоменати

навреме.
ЗАВЕТ – грижи, неволји и полесно заболување.
ЗАВЕТУВАЊЕ – промени на работа, ако некому му оставате заветување. Но, ако сонувате дека го примате, тогаш значи дека имотната состојба нагло ќе ви се подобри.
ЗАВОЈ – ново пријателство со поголем број личности.
ЗАГАТКА – опомена за тешкотии на работа, до кои може да дојде после вашите непромислени одлуки.
ЗАЕМ – противниците смислуваат некоја одмазда спрема вас.
ЗАЕМОДАВЕЦ – разочарување и поголем губиток на пари.
ЗАЈАК – Сон со лошо претскажување, посебно ако сонувате дека сте убиле зајак.
ЗАКЛЕТВА – успех на работа, напредување во професијата. Но, ако сонувате дека криво сте се заколнале, тогаш очекувајте големи грижи и тешкотии.
ЗАКОН – Сон со многу лошо претскажување: пред да започнете нови работи, добро размислете за нив; не трошете пари непромислено и не позајмувајте ги, бидејќи нема лесно да ги добиете назад.
ЗАКУП – успех на работа; исто значење има и ако сонувате дека сте дале или земале земја во закуп.
ЗАКУПНИНА – ненадејна добивка на пари.
ЗАКУСКА - ќе стекнете нови пријатели, ако сонувате дека вие сте приредиле закуска; но ако некој друг ве повикал на закуска, тогаш очекувајте непријатности во семејството.
ЗАЛИВ – разделба со блиска личност, која ќе ве растажи.
ЗАМОК – кавга која самите ќе ја предизвикате.
ЗАНАЕТЛИЈА – Сон со многу добро значење, посебно ако се сонувате себе си како занаетлија – обично претскажува напредување на работа и нови работи.
ЗАНИМАЊЕ – Ако го сонувате своето занимање, очекувајте успех во работата; но ако сонувате некое друго занимање, тоа е знак дека наскоро ќе бидете соочени со промени кои не ви се по волја.
ЗАПОВЕД – случка на работа која ќе ве налути.
ЗАСТАПУВАЊЕ – не губете доверба во своите способности, тие наскоро ќе се покажат во средината во која работите.

ЗАТВОР – очекувајте успеси на работа, но бидете внимателни во одбирањето на пријатели.
ЗАТВОРАЧ - очекувајте подарок кој ќе ве изненади.
ЗБИРКА – Ако сонувате збирка со која самите се бавите, очекувајте покана за учество на некој собир; но ако сонувате некоја друга збирка, тоа е знак за промени на работа или на местото на живеење.
ЗБРКА – претскажува осаменост и тешкотии во животот.
ЗГРАДА – Ако сонувате нова или голема зграда, тоа е знак дека ве очекуваат големи промени во начинот на живот–промена на занимањето или на работното место. Но, ако сонувате стара или трошна зграда, бидете внимателни во
решавањето за нови работи, бидејќи сонот претскажува тешкотии.
ЗДИВ – Ако сонувате дека сте без здив или дека го губите, тоа е опомена дека ви наидуваат полесни тешкотии.
ЗЕЈТИН – непријатности на работа.
ЗЕЛЕНЧУК – ве очекува тешка и напорна работа.
ЗЕЛКА – радост во семејството; успех на работа.
ЗЕМЈА – Сон со добро претскажување, посебно ако сонувате дека ја обработувате својата земја. Но, ако ја купувате или продавате, тогаш очекувајте промена на занимањето.
ЗЕМЈА (планета) – сонот ве предупредува многу да не се занесувате со своите нови планови на работа.
ЗЕМЈЕНА БОЈА – мала непријатност на работа која лесно ќе ја отстраните; избегнувајте неодмерени зборови со соработниците.
ЗЕМЈОТРЕС – редок сон – претскажува поголеми тешкотии во животот.
ЗИМА – кавги и непријатности заради нив. Но, ако сонувате зимски пејсаж со снег, тогаш очекувајте радост и веселба.
ЗИМЗЕЛЕНИ – Сон со многу добро претскажување, ве очекуваат поголеми успеси на работа и во животот воопшто.
ЗИМСКИ КАПУТ – ве очекуваат грижи и тешкотии на работа, кои ќе бидат посебно тешки ако сонувате стар и излитен капут.
ЗЛАТО – Сон со лошо значее: очекувајте грижи, жалост, тешкотии на работа. Но, ако сонувате дека некому го подарувате, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги пребродите.

ЗЛОБА – Колку е поголема злобата која ја сонувате, толку ќе бидат поголеми вашите успеси на работа.
ЗЛАТНА РИПКА – паричен губиток.
ЗЛОЧИН – Сон со спротивно значење: обично претскажува дека ќе избегнете некоја опасност. Но, ако сонувате дека злочинот е избегнат, тоа е знак дека ќе имате тешкотии на работа.
ЗМЕЈ – успех; колку повеќе го дигате змејот во висина, ќе биде поголем вашиот успех и задоволството заради тоа.
ЗМИЈА – Сон со многу лошо претскажување: грижи, болест, тешкотии на работа. Но, ако сонувате дека сте убиле змија, тоа е знак дека сите тешкотии ќе ве поминат и дека ќе имате успех во работата и во животот.
ЗНАМЕ – Постојат различни толкувања. Ако е повеќебојно со еднаква површина на боите, обично означува дека поминала некоја опасност. Но, ако преовладува некоја одредена боја, тогаш значењето на сонот е поврзано со таа боја. Неразвиорено знаме претскажува непријатности на работа.
ЗНАЧКА – нови пријателство и успех во работата, посебно ако сонувате дека ги разменувате значките со другите личности.
ЗООЛОШКА ГРАДИНА – патување и успешен завршеток на важни работи.
ЗУМБУЛ – посета на пријатели и подарок кој ќе ве изненади и израдува.
S
SВЕЗДИ – Сон со ногу добро претскажување – очекувајте радост, веселба, задоволство во семејството и на работа. Но, ако сонувате sвезди прекриени со облаци, тогаш очекувајте некоја тажна случка.
SВОНО ЦРКВЕНО – вести од пријатели оддалеку кои ќе ве израдуваат.
SВОНЧЕ – ненадејни неповолни вести.
SИД – Сон со лошо значење; но ако сонувате дека сте се качиле на него или сте го прескокнале, тогаш значи дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
SИДАР – Промена на местото на станување, посебно ако сонувате sидар како sида куќа.
И

ИГЛА – Сон со лошо значење: непријатни вести, кавги, грижи и жалост. Исклучок е ако сонувате дека некому сте позајмиле игла, во тој случај очекувајте дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ИГРА НА СРЕЌА – Сон со спротивно значење: ако сонувате дека добивате, очекувајте губитоци; ако сонувате дека губите, тоа е знак за успех во работата и во љубовта.
ИГРАНКА – ако сонувате дека играте, очекувајте поволни вести; но ако сонувате дека други играат, тоа е знак дека нема да ви се исполни некое очекување.
ИГРАЧКА – ако сонувате дека ја купувате или дека со неа се играте, очекувајте грижи и тешкотии; но ако сонувате дека правите играчка, можете да очекувате принова во семејството и веселба.
ИДНИНА – Необично е ако сонувате дека ја предвидувате иднината; бидете внимателни да не оживеете некоја стара кавга.
ИДОЛ – Не брзајте со изнесувањето на своите мислења, бидејќи сонот укажува дека противниците работат на вашите пропусти.
ИЗБОРИ – промени и остварување на дамнешна желба.
ИЗВОР ВОДА – Сон со различно значење: ако е водата бистра и лесно истекува, очекувајте радост и голема среќа; ако е изворот пресушен или водата заматена, можете да очекувате грижи, жалост и други тешкотии.
ИЗВИНУВАЊЕ – тешкотии во работата, заради сопствена невнимателност; но ако сонувате дека вам некој ви се извинува, значи дека тешкотиите брзо ќе ги совладате.
ИЗВРШУВАЊЕ – Ако сонувате судско извршување или извршител, бидете многу внимателни при решавањето за новата работа.
ИЗГОРЕНИЦА – смирување со личност со која сте скарани; признание на работа, кое ви е скратувано.
ИЗДАЈНИШТВО – грижи и тешкотии; но ако сонувате дека некој ве издал, значи дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ИЗЛЕТ – предупредува на опасност од лажен куќен пријател.
ИЗЛОГ – тешкотии во семејството; но ако сонувате и личност која уредува излог, тоа е знак дека тешкотиите ќе ги совладате со помош на пријатели.
ИЗЛОЖБА – грижи и тешкотии на работа, заради сопствена негрижа.

ИЗНЕНАДУВАЊЕ – Ако сонувате дека некој или нешто ве изненадило, очекувајте кавга и непријатност заради тоа; но ако вие сте изненадиле со нешто друга личност, тогаш можете да очекувате исполнување на нешто за што одамна чезнеете.
ИЗОБИЛСТВО– навестува успешно завршување на важни работи.
ИКОНА – Сон со лошо значење, посебно ако сонувате дека е во црква;но ако ја купувате или ставате на ѕид, тогаш очекувајте радост и среќа во семејството.
ИМОТ – Ако сонувате дека сте наследиле имот, тоа е знак дека ќе се зголеми бројот на членови на вашето семејство, но ако продавате или купувате имот, тогаш можете да очекувате непријатни вести и губитоци.
ИМЕ - Ако сонувате дека некој вас ве вика по име, тоа е знак дека ви е искрен пријател; но ако ве вика некој по погрешно име, тогаш бидете внимателни спрема неговите намери.
ИМЕЛА – посоветувајте се со пријателите пред да преземете нова работа.
ИНВАЛИД – опоменува на тешкотии; но ако себе си се сонувате како инвалид, тогаш значи дека сите тешкотии брзо и лесно ќе ги пребродите.
ИСЕЛУВАЊЕ ВО ДРУГА ЗЕМЈА – претскажува пократко патување, кое не сте го очекувале.
ИСКАЧУВАЊЕ - ќе ви се исполнат очекувањата на работа; но ако се качувате по некоја карпа, значи дека очекувањата ќе ви се исполнат, но со многу труд и напор.
ИСКУШЕНИЕ – предупредува на опасност од непромислени зборови.
ИСПИТ – Сон со спротивно значење: ако сонувате неуспех, очекувајте радост и веселба; но ако сонувате дека сте успеале, тоа е знак да бидете внимателни, посебно ако навистина ви претстои испит.
ИСТРАГА – радост и веселба во друштво, заради успех на работа.
ИСПРАЌАЊЕ – Ако сонувате дека испраќате некого, тоа е знак дека ќе ви се исполни некое очекување; но ако сонувате дека некој ве испраќа, тогаш очекувајте тешкотии во односите со соработниците на работа или со членовите од семејството.

J

ЈАБЛАН – радост и веселба; но ако сонувате дека листовите се жолти и опаднати, тоа е знак за жалост, неволји, тага.
ЈАБОЛКА – успех на работа, добри вести, нови пријателства; но ако сонувате стебло без плод или трул плод, тоа е знак дека ве очекуваат тешкотии на работа или во поглед на здравјето.
ЈАБОЛКНИЦА – опомена да внимавате на интриги во приватниот живот.
ЈАВАЧ - неочекувани и радосни вести, а исто значење има и ако сонувате јавање; но ако коњот ве фрлил за време на јавањето или сте ја изгубиле командата над коњот, тоа е знак дека вестите ќе бидат многу неповолни за вас.
ЈАГЛЕН – интриги, кавги; противниците се подготвуваат да ви се одмаздат. Ако сонувате вадење јаглен, можете да очекувате подобрување на имотната состојба, но после големи напори.
ЈАГЛЕНОКОП – проомени на работа со кои нема да бидете задоволни.
ЈАГНЕ – радост и веселба, посебно ако сонувате поголем број јагниња како си играат; но ако сонувате дека сте заклале или изгубиле, тогаш очекувајте грижи заради губиток на работа.
ЈАГОДИ – помали успеси на работа, кои сепак ќе ве израдуваат; но ако сонувате дека ги купувате, тогаш очекувајте грижи и жалост.
ЈАГЛИКА – Сон со поволно претскажување, но значењето е поврзано и со бојата.
ЈАДЕЊЕ – Сон со лошо значење, посебно ако сонувате дека самите го подготвувате но дека во тоа не успевате; но ако успеете да подготвите добро јадење и уште да го понудите на другите, тогаш можете да очекувате радост заради успех на работа.
ЈАДИЦА – Чувајте се од неискрени соработници и пријатели.
ЈАЖЕ – грижи и секирации. Ако сонувате дека врзувате јазол на јаже, знак е дека ќе ви се зајакне угледот во средина во која работите; но ако разврзувате јазол, тоа е знак за раскин со некој пријател или соработник на работа.
ЈАЗИК – Ако сонувате болка на јазикот или сте се гризнале за јазик, тоа е знак за сериозни заболувања во семејството
ЈАЗОЛ – Врзување на јазол претскажува непријатности, грижи и

тешкотии; но ако сонувате разврзување на јазол, тоа е знак дека ќе решите некои грижи и сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ЈАЗОВЕЦ – успех и добиток, но после тешка и напорна работа.
ЈАЈЦА – Сон со неповолно претскажување, озборување, тешкотии и кавги на работа, секирации, болести; но ако ги купувате или јадете, тоа е знак за слога во куќата, среќа во бракот или во љубовта, здрав и долг живот.
ЈАМА – претскажува кавги, болести, тешкотии во бракот, неслоги и губитоци на работа. Посебно предупредува да се тргнете од долгови и себични соседи.
ЈАРЕМ – ви претстојат тешкотии заради тоа што сте под влијание на другите личности; настојувајте да ја развиете својата личност.
ЈАРЕЦ – кавга со соработниците на работа, која ќе биде многу непријатна, ако сонувате дека јарецот ве брка или пак успее да ве убоде.
ЈАРБОЛ НА БРОД – подолго патување; но ако сонувате дека паднал или е скршен, вашето патување ќе биде исполнето со многу грижи и неволји.
ЈАСМИН – средба со драга личност; слога и љубов во бракот.
ЈАСТРЕБ – Бидете внимателни спрема лажните пријатели; не им позајмувајте лесно пари на другите.
ЈАХТА – претскажува ново пријателство, но значењето на сонот повеќе е врзано за водата: ако е бистра и мирна, пријателството ќе биде искрено и корисно, но ако е водата матна и разиграна, тогаш новото пријателство може да ви донесе грижи и тешкотии.
ЈОРГАН – Сон со поволно претскажување, ако е уреден и правилно поставен на кревет; но ако е неуреден и испокинат, тогаш очекувајте големи непријатности во сопствениот живот.
ЈОРГОВАН – радост и слога во бракот, и во љубовта, посебно ако сонувате јоргован во цвет.
ЈУНАШТВО – Не претерувајте во самозадоволството заради своето здравје, бидејќи сонот претскажува некое заболување.

## К

КАВГА – грижи, расправии, тешкотии во бракот, озборување; но ако сонувате кавга во брак, тогаш очекувајте слога во семејството или ново пријателство.

КАДА – тешкотии, ако е празна; ако кадата е полна со вода или водата се прелива од неа, тоа е знак дека лесно ќе ги совладате сите тешкотии.
КАЗАН – Бидете внимателни спрема неискрените соработници на работа.
КАЈГАНА – радост и задоволство.
КАЈМАК – успех на работа, после напорна работа.
КАЈСИЈА – радост и веселба, посебно ако сонувате овошка со зрели плодови; но ако е плодот трул, тогаш вашата радост ќе биде поматена со несреќни случувања.
КАКТУС – губиток на пари заради сопствено невнимание.
КАЛ – означува тешкотии, но ако сонувате дека излегувате од кал, тогаш значи дека тешкотиите лесно ќе ги совладате.
КАЛЕНДАР – разделба со добар соработник на работа.
КАЛАЈ – неочекувана помош од личност на која не сте & верувале.
КАЛУЃЕР - жалост во семејството; ви завидуваат неискрени пријатели.
КАЛУЃЕРКА – неслоги во бракот, кавги помеѓу љубовниците.
КАМЕНОЛОМ – подобрување на имотната состојба, но после напорна работа и тешкотии.
КАМЕН – непријатности на работа; но ако сонувате фрлање камен, тогаш очекувајте дека сите непријатности ќе поминат без последици.
КАМИЛА – патување кое не го сакате; бидете внимателни со новите познаници во текот на патувањето.
КАМЕРА – ве предупредува да бидете внимателни во поглед на намерите за промена на работата.
КАМИЛИЦА – очекувајте оздравување, ако сонувате дека ја берете; но ако ја купувате или позајмувате од друга личност, тоа е знак дека ќе имате уште тешкотии со здравјето.
КАМП – нови познанства и пријателства, посебно ако сонувате воjнички камп или логор.
КАМШИК – очекувајте поволни вести.
КАНАРИНЕЦ – радост и веселба; но ако сонувате дека се ви побегнал од кафез или починал, тогаш очекувајте вести кои ќе ве растажат.

КАНАЛ – Сонот има поволно претскажување, ако сонувате дека водата е бистра и чиста; матна вода означува грижи и неволји.
КАНЦЕЛАРИЈА – тешкотии на работа, кавги со соработниците.
КАПА – претскажува помал добиток; но ако сонувате дека сте ја изгубиле, тогаш очекувајте неслога во бракот или во семејството.
КАПЕТАН НА БРОД – патување во странска земја, радост и веселба.
КАПЕЛА – Ако сонувате дека сте ја виделе, очекувајте ново познанство; но ако сонувате дека сте во капела, тогаш можете да очекувате непријатности од неискрени соработници на работа.
КАПИЈА – Сон со многу поволно претскажување, посебно ако сонувате дека е отворена или дека поминувате низ неа; обично означува голем успех во работата.
КАПИНИ – Вардете се од лажни пријатели, посебно ако сонувате дека купувате или јадете капини. Ако сонувате дека ги берете, значи дека ќе стекнете нов пријател.
КАРАНФИЛ – радост и веселба во семејството, посебно ако сонувате дека го одгледувате и негувате.
КАРПА – грижи, тешкотии, неуспех на работа; но ако сонувате дека успешно сте се искачиле на карпа, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
КАРТАЊЕ – кавги во семејството и на работа.
КАСАЊЕ – Избегнувајте препирки и кавги; настојувајте подобро да ги разберете своите блиски.
КАТРАН – патување со променливо расположение.
КАТАНЕЦ – Бидете внимателни спрема лажните пријатели кои ви се наметнуваат со мислењето и предлозите на работа.
КАФЕАНА – кавги во семејството; но ако сонувате дека сте биле во кафеана и сте ја напуштиле, тоа е знак дека кавгите ќе поминат без потешки последици.
КАФЕ – интриги и кавги.
КАФЕЗ – Празен птичји кафез претскажува дека ќе решите некои проблеми; ако сонувате кафез со птици, очекувајте ново пријателство, но ако тие и пеат, тогаш очекувајте веселба во друштво; кафез со диви животни претскажува грижи и неволји.
КАЦА - ќе ви се подобри имотната состојба, ако сонувате полна

каца или дека ја полните; празна каца претскажува губиток.
КАЦИГА - ќе ве посети личност која многу ја почитувате.
КАЧАМАК – слога во куќата, радост и веселба.
КАШЛАЊЕ – Сон со спротивно значење; очекувајте оздравување или успех на работа.
КВАСЕЦ – парична добивка, под многу необични услови.
КВАЧКА – радост и задоволство, посебно ако сонувате квачка со пилиња.
КЕЈ – патување во друштво со пријателите.
КЕЛНЕР – кавги заради неразумни издатоци; ако себе си се сонувате како келнер, тогаш очекувајте промени во семејството.
КЕЛНЕРКА – очекувајте покана за веселба.
КЕЦЕЛА – посета на пријатели и помал подарок; успех на работа со несебична помош на соработниците.
КИВАВИЦА – опомена да внимавате да не ве прелаже некој познаник кому му верувате.
КИДНАПИРАЊЕ - ќе решите многу тешкотии; подобрување на вашата имотна состојба.
КИКИ – Сон со добро претскажување: среќа во бракот и во љубовта, но ако сонувате дека се преголеми или дека се отсечени, тогаш сонот има спротивно значење.
КИНО – Сон со лошо претскажување: очекувајте покана, но размислете добро околу прифаќањето.
КИСЕЛИНА – Бидете внимателни спрема т.н. пријатели.
КИТ – недоразбирање во семејствоти, кое брзо ќе се разјасни.
КЛАВИР – слога во бракот и во семејството; но ако сонувате дека свирите на клавир, тогаш очекувајте вести кои ќе ве растажат.
КЛАНИЦА – успех на работа или напредување во звањето.
КЛЕТВА – Ако сонувате клетва или груба пцовка, тогаш бидете вниматени во разговор со непознатите лица, бидејќи сонот претскажува некоја неволја.
КЛУПА – Сон со добро претскажување: радост, успех на работа, добиток во пари. Но, ако сонувате дека седите на клупа со други луѓе, тоа е знак дека за вашите успеси треба да се заблагодарите и на пријателите кои ви помагаат.
КЛЕШТИ – непријатности заради неодмерени зборови.

КЛУЧ - Сон со добро претскажување ако сонувате дека ѕиркате низ неа или дека тоа го прави некоја друга личност – обично означува кавга во семејството или со соседите.
КЛУЧАЛКА – Лошо претскажување е ако сонувате дека ѕирката низ неа или дека тоа го прави некоја друга личност – обично означува кавга во семејството или со соседите.
КНИГА – Сон со различно значење. Ако сонувате дека пишувате книга, дека ја купувате или читате, тогаш означува успех во работата, добиток, поволни вести од пријатели. Но, ако сонувате затворена книга или дека сте ја позајмиле или изгубиле, тогаш очекувајте лоши вести, кавги со познаниците или неповолни промени на работа. Повеќе книги претскажуваат патување по река или море.
КОБАСИЦА - ќе ви се исполни некоја дамнешна желба.
КОБИЛИЦА НА БРОД – очекувајте вести од пријател кој патува со брод.
КОВАЧ - очекувајте ненадејна добивка.
КОВЕРТ – Затворен коверт претскажува грижи и неволји; но ако сонувате дека сте го отвориле и сте ја прочитале
содржината на писмото, тоа е знак дека неволјите лесно ќе ги пребродите, и тоа со помош на соработниците и пријателите.
КОВАНИ ПАРИ – Сон со поволно претскажување – обично означува добивка; доколку вредноста на парите е поголема, толку добивката е помала. Златна пара во сон често се смета за лош предзнак.
КОВЧЕГ – слога во бракот и во семејството; успех на работа.
КОЖА – Сон со лошо претскажување: тешкотии на работа, кавги, интриги, губиток во пари. Но, ако сонувате дека продавате кожа тогаш очекувајте успех на работа.
КОЖА (на тело) – љубезност од личност од која тоа не го очекувате.
КОЗА – ве очекуваат многу искушенија: болест во семеството, интриги на работа, но сите успешно ќе ги совладате.
КОКОШКА – слога во семејството, успех на работа; но ако сонувате слаба кокошка, тогаш очекувајте тешкотии во односите со пријателите.

КОЛА – Сон со лошо претскажување: непријатности на работа и во личниот живот. Но, ако сонувате кола со впрегнати коњи, тоа е знак дека ќе ја подобрите својата имотна состојба.
КОЛАЧ - радост, веселба, посета на пријателите.
КОЛЕВКА - ќе ви се довери одговорна работа; настојувајте да ја оправдате довербата.
КОЛЕНО – Ако сонувате повреда на колено, очекувајте непријатности во односите со соработниците на работа.
КОЛЕЦ – успех на работа, посебно ако сонувате дека самите го правите или забивате во земја.
КОЛИБА – парични тешкотии или полесно заболување.
КОМАРЕЦ – мали непријатности на работа.
КОМБИ – непријатности заради непромислени зборови; не брзајте со осуда на другите личности.
КОМЕТА – навестува дека наскоро ве очекуваат големи тешкотии во животот.
КОНЕЦ – Сон со различно значење – зависи од бојата на конецот. Но ако сонувате замрсен конец, без оглед на бојата, очекувајте тешкотии во кои ќе западнете заради своите непромислености. Но, ако сонувате дека конецот сте го разплеткале или намоткале, значи дека тешкотиите брзо и лесно ќе ги совладате.
КОНЗЕРВА – помал успех на работа.
КОНОП – грижи и неволји, посебно ако сонувате дека сте врзани со коноп; но ако сонувате дека сте се одврзале, тоа е знак дека успешно ќе ги совладате своите неволји.
КОНЦЕРТ – вести кои ќе ве израдуваат.
КОЊ – Сон со различно претскажување – зависи и од бојата на коњот. Но, ако сонувате коњ на ливада или дека го јавате, поите или галите, тогаш очекувајте радост, задоволство на работа или во семејството. Ако сонувате немирен или загинат коњ, можете да очекувате грижи, неволји, тешкотии.
КОЊАНИК – вести од пријатели од друга земја.
КОЊУШНИЦА – неочекуван добиток во игрите на среќа.
КОПАЊЕ - ќе ги остварите плановите кои веќе сте ги занемариле.
КОПИРАЊЕ – бидете внимателни, бидејќи сонот претскажува повик за учество во некој процес.

КОПРИВИ – предупредување да внимавате на интриги и озборувања.
КОПНЕЕЊЕ – радост и веселба во семејството.
КОПЧЕ – за машките означува добиток или успех на работа; за жените е знак дека саканите личности им се верни.
КОРЕН – ве опоменува на малодушност, која што може да биде причина за поголеми губитоци и неуспеси на работа.
КОРМИЛО – Ако можете, одложете го секое патување за некое време, бидејќи сонот претскажува неволји и несреќа.
КОРПА – Ако сонувате празна корпа, очекувајте губиток на пари или неуспех на работа;но ако сонувате корпа со цвеќе или овошје, тогаш очекувајте радост и веселба во семејството.
КОСА – Сон со многу лошо значење: грижи, парични тешкотии, кавга во семејството и со пријателите, непријатно патување, тешкотии на работа. Но, ако сонувате седа коса или дека на друг му ја чешлате или сечете косата, тогаш можете да очекувате напредок на работа или успех во друштво.
КОСА (за косење) – претскажува грижи и неволји, како и секој друг алат со остро сечиво и врв.
КОСИДБА – слога во бракот; успех на работа.
КОСКИ – неволји, грижи, секирации, болест во семејството.
КОСТЕН – Ако сонувате дрво со плодови од див костен, очекувајте успех на работа, но после напорна работа; ако сонувате дека купувате или јадете плод од питом костен, можете да очекувате некоја љубовна авантура.
КОСТОБОЛКА – ви претстои нервна напнатост и малаксаност.
КОЧИЈА – успех на работа, парична добивка.
КОШНИЦА – подобрување на имотната состојба; но ако сонувате празна кошница, тогаш очекувајте губитоци и неуспех на работа.
КОШМАР – ненадејни вести за заболување на некој роднина.
КОШУЛА – Сон со добро значење, ако сонувате нова, чиста кошула или ја перете или пеглате – обично означува слога во семејството, успех во љубовта, исполнување на желба, Но нечиста или искината кошула навестува кавги, неуспеси во работата и опаѓање на угледот.
КРАВА – успех на работа, слога во семејството, задоволство и

радост. Но, ако сонувате мртва или слаба крава, очекувајте грижи, неволји, губиток на пари.
КРАГНА – слога во бракот, успех во љубовта.
КРАДЕЊЕ – Ако сонувате дека сте откриле крадење или некого сте виделе дека краде, тоа е знак дека ќе добиете назад нешто што сте го сметале за изгубено. Но, ако сонувате дека учествувате во некоја кражба, очекувајте неуспеси во работата и во животот.
КРАДЕЦ – кавга, тепачка, тешкотии во семејството; но ако сте го фатиле крадецот, тоа е знак дека се ќе помине без потешки последици.
КРАЖБА – сон со лошо значење; избегнувајте препирки и кавги.
КРАСТАВИЦА – Сон со лошо значење: непријатности на работа, неслога во семејството, препирки со пријателите. Но, ако сонувате дека сечете краставица или дека ја јадете, значи дека сите непријатности лесно ќе ги совладате.
КРВ – радост, веселба, добиток – ако сонувате своја крв; болест, кавги, губиток – ако сонувате дека плукате крв; туѓа крв предупредува на некоја болест или смрт во семејството.
КРЕВЕТ – Сон со различно значење: чист и уреден кревет означува слоба во семејството, успех во бракот или во љубовта; празен или разместен кревет навестува разочарување, кавги и тешкотии. Ако сонувате дека лежите во кревет, тоа е предупредување да внимавате на своето здравје.
КРЕДА – парични непријатности; не се задолжувајте.
КРЕЧ - очекувајте скоро патување, најверојатно во врска со наследство.
КРЗНО – Сон со лошо значење: лоши вести, лесни заболувања, несогласувања во семејството, неуспех на работа. Исклучок е ако сонувате дека сте одбиле да примите крзно на подарок – тогаш можете да очекувате дека сите непријатности успешно ќе ги совладате, но со помош на пријателите.
КРИУМЧАРЕЊЕ – опомена да бидете внимателни со предлозите за нови работи кои не се во врска со вашето занимање.
КРИЛЈА – вести за патувањето; но ако сонувате дека летате со помош на крилја, тоа е знак за радост и задоволство, исто така и за добро здравје.

КРОВ – слога во семејството, радост и задоволство, ако сонувате нов кров; но ако сонувате стар кров или дека е растресен, очекувајте непријатности и разочарувања.
КРОЈАЧ, КРОЈАЧКА – интриги, неуспех на работа.
КРОКОДИЛ – опомена дека противниците ви подготвуваат одмазда.
КРПЕЖ - Сон со многу добро претскажување: голема добивка во парите од неочекувани извори.
КРСТ – Не ги преценувајте своите способности на работа, бидејќи сонот опоменува на тешкотии заради вашите барања.
КРТИЦА – кавги во семејството.
КРУША – Сон со добро претскажување: радост, успех на работа, слога во бракот и во семејството, посебно ако сонувате стебло на круша во цвет или со плодови. Но, ако сонувате стебло без лисја или трули плодови, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
КОМПИР – успех на работа, но после големи напори и труд. Ако сонувате садење или вадење на компири, тогаш очекувајте добивка, пофалби или награди.
КУГЛАНА – непријатности после претерани барања од ваша страна на работа; размислете за своите способности.
КУВАР, КУВАРКА – кавги, интриги, секирации.
КУКАВИЦА – парична добивка, успех на работа, слога во куќата.
КУКЛА – очекувајте подарок; но ако сонувате скршена кукла или дека самите ја кршите, тоа предупредува да бидете внимателни на работа. Кукла која зборува укажува на опасност од слаткоречиви луѓе.
КУЛА – успех во работата или напредување во звањето, но после напорна работа.
КУМ – очекувајте проширување на работата, пофалби и награди.
КУНА – опоменува да внимавате на лаги и прелажувања.
КУПУВАЊЕ – Водете сметка за своите издатоци, бидејќи сонот претскажува парични непријатности.
КУЌА – Сон со различно значење – грижи, тешкотии, кавги, неуспех во работата, ако сонувате нова куќа, поправање на стара, пожар во куќа; но, ако сонувате дека рушите куќа, правите друга или дека ја продавате, потоа очекувајте радост, напредок во

работата и добивка.
КУЌНА ПОМОШНИЧКА – озборување, интриги, секирации; но ако сонувате дека сте ја отпуштиле, тоа е знак дека се ќе помине без последици.
КУЧЕ – Ако сонувате дека имате куче, големиот пријател на човекот, дека го храните, одите во лов со него или дека си играте со него, тоа е предзнак за многу поволни вести, верно пријателство, слога во бракот и во семејството, добри односи со соработниците на работа; но ако сонувате дека куче во каснало или дека лае или вие, тогаш очекувајте кавга, лоши вести, болест и тешкотии на работа. Бесно куче претскажува тешка болест или смрт.
КУЧЕШКА КУЌИЧКА – усогласете ги своите издатоци со примањата, бидејќи долгот е лош другар.
Л
ЛАБОРАТОРИЈА – познанство со нови личности.
ЛАВ – неуспех на работа, посебно ако сонувате дека лавовите викаат. Но, ако сонувате лов на лавови или дека сте отстрелале некој од нив, значи дека тешкоиите ќе го совладате и стекнете уште поголем углед отколку што дотогаш сте имале.
ЛАВИЦА – Сон со многу добро претскажување, посебно ако сонувате и младич со лавицата. Младо означува дека ќе стекнете угледен пријател.
ЛАВИНА – Сонот предупредува на некоја опасност која ви се приближува, најверојатно во врска со вашето здравје.
ЛАВИРИНТ – очекувајте грижи и неволји; но ако сонувате дека сте нашле излез од него, тогаш значи дека сите тешкотии лесно сте ги пребродиле.
ЛАЖЕЊЕ – Внимавајте на интриги меѓу соседите.
ЛАЖИЦА – Сон со многу добро претскажување; веселба во друштво, задоволство на работа; но ако сонувате дека чистите лажица, тогаш размислете за своите постапки спрема драгата личност.
ЛАЛЕ – познанство со личност која ќе ви причини голема радост.
ЛАМПА – Ако сонувате лампа да свети, ќе доживеете радост заради успех на работа; но ако лампата се гасне, тогаш очекувајте губиток на пари или болест во семејството.*

ЛАНЕЦ – грижи и неволји, посебно ако сонувате дека сте врзани со ланец; но ако сонувате дека сте се одврзале, тоа е знак дека брзо ќе се ослободите од сите неволји.*
ЛАСИЦА – опомена желбите да соодвествуваат на вашите можности.
ЛАСТОВИЦИ – Сон со многу добро претскажување – радост, веселба, слога во куќата, посета на пријатели.
ЛЕБ – радост и веселба во семејството, успех во работата, состанок со пријателите.
ЛЕБЕД – радост, веселба, слога во семејството; но ако сонувате лебед во лет, тогаш очекувајте тешкотии на работа и губиток.
ЛЕГЕН – полн со вода, навестува радост и веселба; но ако е празен, тогаш очекувајте несогласување во семејството.
ЛЕД – очекувајте некоја опасност, ако сонувате дека одите по заледено; но ако се лизгате, тоа е знак дека ќе ви се исполни некоја желба.
ЛЕДЕНА САНТА – Ве очекуваат големи искушенија на работа; ќе успеете, но само со големи напори.
ЛЕК – Ако сонувате дека земате лек, тоа е знак дека здравјето наскоро ќе ви се подобри; но, ако лекот го давате на други, очекувајте радост и веселби.
ЛЕКАР – Ако сонувате дека разговарате со лекар, тоа е знак дека нема да ви се исполни некоја желба.
ЛЕКОВИТИ БИЛКИ – Ако сонувате дека ги собирате, тоа е знак дека здравјето ќе ви се подобри; но ако сонувате дека ги купувате или ги употребувате како лек, тогаш очекувајте влошување на вашето здравје.
ЛЕКЦИЈА – сон кој претскажува добро, во секој поглед.
ЛЕН – успех во работата, напредок во професијата, слога во домот.
ЛЕНТА – губиток заради ваше негрижливо работење со пари.
ЛЕПЕЗА – опомена да внимавате на лаги или измами.
ЛЕОПАРД – вести кои ќе ве растажат; но ако сонувате дека сте ловеле леопард и успеале да го отстрелате, тоа е знак дека грижите и тагата брзо ќе исчезнат.
ЛЕПАК – Сонот претскажува дека личноста на која што сега не & верувате, ќе ја оправда довербата и ќе го покаже своето

пријателство.
ЛЕТВА – навестува успешен завршеток на работите во кои вложувате големи напори.
ЛЕТАЊЕ – патување во странска земја, радост, веселба; но ако сонувате дека сте падналe, тогаш патувањето ќе ви донесе разочарувања.
ЛЕШНИК – Ако сонувате дрво со плод, очекувајте успеси на работа; дрво без плод или само плод, означува интриги или кавги.
ЛИВАДА – радост, веселба, слога во домот, ако сонувате ливада со бујна трева; но ако е искосена тоа е знак дека ве очекуваат помали непријатности на работа.
ЛИКЕР – Пазете се од ласкавци.
ЛИЛЈАК – неочекувана посета од пријатели и неповолни вести.
ЛИЛЈАН – слога во бракот, верност во љубовта; но ако сонувате скршено или свенато цвеќе, тогаш очекувајте кавги и несогласувања.
ЛИМАР – тешкотии заради неверни пријатели.
ЛИМОН – Ве очекуваат вести кои ќе ве развеселат; но ако сонувате дрво со плод од лимон, тогаш е знак дека наскоро ќе одите на некое патување.
ЛИПА – радост, веселба, слога во семејството, а ако сонувате липа во цвет или ако го берете цветот, тоа е знак дека ќе ви се исполни некоја желба.
ЛИСИЦА – Сон со лошо претскажување: интриги, измами. Но, ако сонувате дека сте ја фатиле или застрелале, тоа е знак дека сите замки, кои ви се подготвуваат, ќе поминат без тешкотии.
ЛИСИЧЈО КРЗНО – Внимавајте на неискрени пријатели.
ЛИСТАЊЕ (книга или весник) – Бидете внимателни спрема промените на работа; не инсистирајте на ништо по секоја цена.
ЛИФТ – помош од пријатели од кои не сте очекувале.
ЛИЦЕ – Ако го сонувате своето лице, знак е дека ве очекува некоја опасност или заболување; но ако сонувате лице на друга личност, тогаш очекувајте ново познанство. Убаво и насмеано лице претскажува исполнување на вашите желби.
ЛИЦИТАЦИЈА – Сон со добро значење, ако учествувате на лицитација на туѓи работи; но ако сонувате дека се продаваат ваши

работи, тогаш очекувајте големи тешкотии во животот.
ЛИСТОВИ – зелени, претскажуваат радосни вести; жолто или опаднато означува дека нема да успеете во некој нов потфат на работа.
ЛОВ, ЛОВЕЊЕ – разочарување, ако сонувате дека ловите зајак или некој друг ситен дивеч; но ако сонувате дека ловите волк или некој друг крупен дивеч. тогаш можете да очекувате радост и веселба, посебно ако сте успеале во ловот.
ЛОВОКРАДЦИ – Ако сонувате дека сте виделе или фатиле ловокрадец, очекувајте ново пријателство; но ако сте вие ловокрадец или вас во тоа ве фатиле, тоа е знак дека ќе имате работа со некој орган на власт.
ЛОВЕЧКИ РОГ – радосни вести.
ЛОВОР – подарок од пријатели или пари од роднини.
ЛОГОРУВАЊЕ – радост, веселба, задоволство.
ЛОКОМОТИВА – ве очекува патување, ако сонувате дека заминува; но ако сонувате дека доаѓа, најавува гости од друго место.
ЛОНЕЦ – радост, веселба, напредок во работата, ако сонувате полн лонец или дека го полните; но ако сонувате празен лонец или дека сте ја расипале течноста од него, тоа е знак за кавги и секирации.
ЛОПАТА – тешкотии на работа; но ако работите со лопата, тоа е знак дека ќе ги совладате.
ЛОСОС – кавги во семејството или во бракот.
ЛОТАРИЈА – средба со личности кои не ја заслужуваат вашата доверба; но ако сонувате добивка на лотерија, тогаш размислете добро за своите парични можности.
ЛУБЕНИЦА – Размислете дали желбите ви се оправдани; ако сонувате дека јадете лубеница, ве очекува успех во љубовта, која нема долго да потрае.
ЛУДИЛО – опомена да размислите за своето здравје. Исто значење е и ако сонувате лудак или лудница.
ЛУЛАЊЕ – успех на работа, после извесни промени.
ЛУМПУВАЊЕ – тага и жалост, ако сонувате дека сте учесник; но ако сонувате други како лумпуваат, тоа е знак дека тешкотиите ќе ги совладате, но после големи напори.

ЛУТЕЊЕ – вести кои ќе ве израдуваат, ако сонувате дека се лутите на непозната личност; но ако се лутите на некој роднина или позната личност, тогаш очекувајте некој губиток.

Љ

ЉУБОВ – Очекувајте тешкотии, ако сонувате љубов со некоја личност. Но ако сонувате дека сте вљубени, веројатно ќе бидете вмешани во некој скандал.

ЉУБОВНО ПИСМО – наскоро ќе морате да давате објаснувања за непријатни прашања; не заборавете дека искреноста е голема доблест и основа за мирна совест.

ЉУБОМОРА – Немате причина да бидете загрижени, ако сонувте своја љубомора; но ако сонувате дека некој е љубоморен на вас, тоа е предупредување да размислите за пријателите кои често ве опкружуваат.

М

МАГАРЕ – кавги, заболување, ако сонувате дека гледате магаре; но ако го јавате, очекувајте некое доживување кое ќе ве посрамоти. Ако сонувате викање на магаре, тогаш очекувајте новости.

МАГДОНОС - деловен успех, но после напорна работа.

МАГЛА – тешкотии на работа, после влошување на условите, но не по ваша вина.

МАГНЕТ – успех во работата; бидете внимателни да не ве занесе.

МАГИЈА – неочекувани промени во семејството.

МАЖ - Ако го сонувате својот маж, тоа е знак за добро здравје; но ако не сте мажени, а сонувате маж, тоа навестува дека ќе се скарате со драга личност.

МАЖЕЊЕ – радост, веселба, задоволство; но, ако сонувате мажење за непозната личност, тогаш очекувајте болест и тешкотии.

МАЗГА – непријатности после лоши односи со соработниците на работа.

МАЈКА – радост, веселба, добри вести, посебно ако разговарате со мајката. Но, ако сонувате дека мајката ви умрела, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.

МАЈМУН – навестува грижи и тешкотии, како и сите други необични животни.

МАЈСТОР – успех во работата, напредување во зпрофесијата,

посебно ако сонувате дека самите се занимавате со некоја мајсторска работа.
МАЈЧИНА ДУШИЦА – радост, слога во бракот и во семејството, успех во работата.
МАК – непријатности во бракот или во љубовта.
МАЛ – парични губитоци, ако сонувате дека сте од мал раст.
МАЛИНИ – помал успех на работа или ослободување од ситни грижи.
МАМЕЦ – Пазете се од оние кои многу ве фалат, ако сонувате мамец за фаќање риби.
МАНАСТИР – навестува средување на парични можности или скоро венчавање на некој роднина.
МАНИКИР – пријателство со постара личност.
МАНТИЛ – Сон со лошо значење: неслоги во бракот, во семејството, на работа, несигурни пријатели; но ако сонувате нов мантил, тоа е знак дека се ќе помине без тешки последици.
МАРАМА – радост во куќата; но ако сонувате стара, искината или црна марама, очекувајте неволји и жалост.
МАРАМЧЕ – неслоги во бракот или во љубовта.
МАРМАЛАД – помали непријатности на работа; но ако сонувате дека го правите, тоа е знак дека лесно ќе ги совладате.
МАРКИ – познанство со личност на висока положба; но ако сонувате дека ги собирате тогаш очекувајте вести и патување.
МАСА – грижи, неволји, кавги, ако сонувате дека самите седите на маса; но ако седите во друштво, тогаш очекувајте веселба и радост.
МАСАЖА – полесно заболување, не го потценувајте.
МАСКА – неверство од блиска личност, посебно ако сонувате личност под маска; но, ако сонувате дека самите ја носите, тогаш размислете добро за своите намери спрема брачниот партнер или партнерот во љубовта.
МАСЛИНКИ – радост, слога, мир во бракот и во семејството.
МАСЛО – Сон со лошо значење: грижи, тешкотии, губитоци, за с#, освен за личности кои го користат во работа.
МАСТ – лесно заболување.
МАСТИЛО – Очекувајте вести во патувањето, посебно ако сонувате дека го купувате или дека пишувате со него.

МАТИЧАР – задоволство и слога во бракот или во љубовта.
МАЌЕА – непријатности заради кавги.
МАЧКА – Сон со многу лошо претскажување; ќе ви го заврти лицето некој од кого тоа не го очекувате, тешкотии на работа, несогласувања во бракот или во семејството; но ако сонувате дека ја тепате или бркате, тогаш значи дека сите тешкотии ќе ги совладате полесно отколку што очекувате.
МАШИНА ЗА ПИШУВАЊЕ - ќе се смирите со некоја личност со која долго време сте скарани.
МАШИНА ЗА ШИЕЊЕ – успех во работата, слога во домот.
МАШНА – Не влетувајте лесно во нови долгови.
МЕБЕЛ – кавги во семејството, ако сонувате стар или искршен мебел; ако сонувате нов мебел или дека го купувате, тогаш очекувајте важна посета или принова во семејството.
МЕД – успех на работа, слога во бракот и во семејството. Ако сонувате цедење на мед, тогаш морате да бидете грижливи како пчелите доколку сакате и понатаму се да ви успева и цвета.
МЕДЕН МЕСЕЦ – Очекувајте промени, патување, разочарувања.
МЕДУЗА – Не наседнувајте на интригите од соседите.
МЕДАЛЈА – радост, задоволство, мал подарок од пријатели.
МЕНИ – ако го видите, очекувајте патување; но ако самите го составувате, тоа е знак дека на патувањето ќе доживеете големи изненадувања.
МЕНИЦА – успех на работа, ако сонувате дека ја гледате или дека ја купувате; но ако сонувате дека ја потпишувате со некој друг или дека својата не можете да ја исплатите, тогаш можете да очекувате непријатности, издатоци, губиток.
МЕНУВАЧНИЦА – Размислете добро за своите намери за промените на работа; не влетувајте лесно во нови долгови.
МЕРМЕР – губиток на пари, тешкотии на работа.
МЕСАР – Сон со лошо претскажување: кавги, непријатности на работа, неволји, грижи; но, ако се сонувате себе си во улога на месар, очекувајте дека сите ваши неволји ќе поминат без тешкотии.
МЕСАРНИЦА – веселба во семејството, најверојатно свадба.
МЕСО – ново пријателство, ако сонувате дека го подготвувате за гости; но, ако го јадете, тоа навестува грижи и тешкотии.

МЕСЕЧИНА – Сон со различно претскажување: успех во работата, слога во бракот и во семејството, среќа помеѓу љубовниците, добивка на пари, ако сонувате светла Месечина или млада Месечина; но, ако сонувате темна Месечина или нејзино помрачување, тогаш очекувајте непријатности, несогласувања во семејството, губиток на пари, кавги со пријателите.
МЕСЕЧАР – Проверете ја својата здравствена состојба; не јуначете се со него, бидејќи сонот претскажува тешкотии.
МЕТАЛ (олово, железо) – Оловни или месингани пари претскажуваат помали тешкотии; златни или сребрени, грижи и разочарувања.
МЕТРО (за мерење) - ќе ве излаже личност на која многу & верувате.
МЕТЕОР – Сонот ве предупредува да обрнете големо внимание на своето здравје.
МЕЧ - претскажува грижи, кавги и тешкотии, како и другите оружја со изострено сечиво или остар врв.
МЕЧКА – грижи на работа, болест во домот, губиток на пари, ако сонувате дека сте ја виделе или слушнале нејзиното викање; но, ако сте ја бркале или отстрелале во лов, тоа е знак дека сите тешкотии брзо и лесно ќе ги совладате.
МИЕЊЕ – веселба, радосни случувања, здравје, добиток.
МИКРОСКОП – принова во семејството.
МИЛОСТИНА – Сон со добро претскажување, било некому да давате или од некого да примате милостина; обично означува неочекувана добивка или помош од пријател.
МИРАЗ – свадбена веселба во семејството.
МИРИС – помал успех на работа; но ако сонувате мирис кој ви е непријатен, тогаш очекувајте непријатности и помали тешкотии.
МИРТА – Сонот претскажува засилување на љубовта во бракот или нов љубовен партнер.
МИСИРКА – успех во работата, слога во бракот и во семејството, радост, веселба.
МИСТЕРИЈА – Не донесувајте одлуки на брзина, бидејќи сонот претскажува тешкотии кои самите ќе ги предизвикате
МИТО – грижи и неволји, било да го давате или да го примате. Но,

ако сонувате подмитување на други личности без ваше учество во тоа, тогаш очекувајте мали кавги, кои вас ќе ве одминат.
МЛАДОЖЕНЦИ – радост, веселба, исполнување на желба, ако сонувате друга личност во таа улога; но ако се сонувате себе си, а не сте во брак, очекувајте поволни вести, но ако сте веќе во брак, тоа е знак за тешкотии и неволји во семејството.
МЛАДОСТ – Ако ја сонувате својата младост или дека сте повторно млади, очекувајте некое задоволство, кое нема долго да потрае.
МЛЕКО – неочекувана добивка, радост, оздравување.
МЛИН (за домаќинство) – промени, посети, озборувања, интриги.
МНОЖЕЊЕ – Не се потпирајте многу на познанства кои сте ги склопиле набрзина.
МОВ – Предупредување да бидете внимателни кога составувате писмо или некој текст кој го праќате на други личности.
МОДА – претскажува промени, на подобро или на полошо, во зависност од сонот. Ако купувате модерни работи, очекувајте некое изненадување; но ако сонувате дека самите создавате модни предмети, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
МОДРИЦА – напнатост заради случки во семејството; но ако ја сонувате на друга личност, значи дека се брзо ќе се смири.
МОЛИВ – разделба со некој пријател или познаник.
МОЛЊА – успех на работа, но после големи тешкотии.
МОМЧЕ – ве очекува голема промена во животот.
МОРЕ – радост, слога во бракот или во семејството, ако сонувате дека водата е мирна, но ако е разбранувана, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
МОРНАР – претскажува пофалби и одликувања; ако се сонувате себе си во морнарска униформа, очекувајте патување и весели доживувања.
МОРСКА БИТКА – успех во работата или напредување во работата на некој ваш близок роднина или пријател
МОРКОВ – радост, веселба, успех во работата.
МОСТ – Нов мост означува промени на занимањето или местото на живеење. Стар мост навестува тешкотии на работа, неслога во куќата. Ако сонувате дека сте поминале мост, знак е дека се ќе се

заврши брзо и без последици.
МОТИКА – грижи, тешкотии, напорна работа, но и успех на крај.
МОТОР – успех во работата, успешно патување, посебно ако сонувате мотор или некоја машина во работа.
МОЧУРИШТЕ – Болест, грижи, несогласувања на работа и во домот, ако сонувате дека тешко се движите низ мочуриште; ноо ако од него излегувате, тоа е знак дека сите неволји лесно ќе ги пребродите. Ако ловите птици во мочуриште, очекувајте некое заболување, меѓутоа, ако само ги набљудувате, тоа е знак дека заболувањето брзо ќе престане.
МРАВКИ – напорна работа, но успех на крај. Но, ако сонувате дека ве каснала мравка или дека ви се на тело, очекувајте тешкотии во односите со соработниците на работа.
МРАВЈАЛНИК – ве очекуваат грижи и тешкотии на работа.
МРАВОЈАД – Не прифаќајте нови работи ако претходно за тоа добро да не размислите; посоветувајте се со членовите на семејството.
МРАЗ – непријатна случка, која ќе одложи важна работа.
МРАК – грижи и неволји, но заради сопствено невнимание.
МРЕЖА – опомена повеќе да се потпрете на сопствената работа и труд за да постигнете поголем успех во работата.
МРТОВЕЦ – Сонот претскажува добро здравје, ако себе си се сонувате како мртовец. Но, ако сонувате некој друг, очекувајте кавга во семејството. Ако сонувате дека мртовецот е жив, очекувајте некое разочарување.
МРТОВЕЧКА КОЛА – неочекувана добивка; но ако сонувате дека одите по неа, тогаш очекувајте грижи, неволји, тешкотии.
МРТОВЕЧКИ ПОКРИВ – болест или смрт на некој роднина.
МРШОЈАДЕЦ – опкружени сте од опасни противници.
МУВЛА – неверство од личност во која имате голема доверба.
МУЗИКА – радосни вести, ако слушате мелодија која ви се допаѓа; но ако слушате мелодија која не им годи на вашите уши, тоа е знак дека се смислува некое зло кон вас или кон некого од вашето семејство.
МУЗИЧАР – Ако сонувате дека сте музичар, а тоа навистина не сте, тогаш очекувајте голема промена во животот, веројатно

преселување во друго место.
МУЗИЧКА СКАЛА – подобрување на имотната состојба, напредување во професијата.
МУМИЈА – успех на работа со помош на пријатели кои не сакаат тоа да ви го откријат.
МУСТАЌИ – Ако сонувате дека ги имате, а во стварноста ги немате, тогаш очекувајте успех на работа; но ако ги имате, тогаш сонот нема некое посебно значење. Ако сонувате дека ги бричите, можете да очекувате грижи и тешкотии.
МУЦКА – непријатности на работа, но заради вашето неодмерено држење спрема соработниците.
МУШИЧКИ – грижи и губиток; но ако сонувате дека сте ги уништиле, значи дека се брзо ќе надополните.
Н
НАВРЕДА – Ако сонувате дека некого навредувате, тогаш бидете внимателни во разговорите, тешкотии на здравствено поле; но ако сонувате дека некој ве навредува, значи дека ќе слушнете поволни вести за пријателите.
НАГРАДА – губиток после невнимание и претерана самодоверба; не заборавајте дека има нешто што не може да се купи со пари.
НАДЕЖ - Ако сонувате дека на нешто се надевате, настојувајте да не се навредувате од личностите кои ви се потребни.
НАКИТ – кавга, долгови, болест, празни ветувања; но, ако сонувате дека некому го подарувате, тогаш очекувајте успех на работа или напредување во професијата.
НАЛЕПНИЦА – вести кои ќе ве изненадат.*
НАМЕТКА - ќе ве изневери личност во која имате голема доверба.
НАОЃАЊЕ – колку е поголема вредноста на предметите кои сте ги нашле, толку поголем губиток ве очекува на работа.
НАОЧАРИ – Ако сонувате дека ги носите, тоа е знак дека ќе доживеете длабока старост; ако сонувате дека сте ги изгубиле или дека купувате нови, тоа е знак за губиток на пари заради сопствена невнимателност.
НАПРСТОК – слога во бракот, успех на работа.
НАПУШТАЊЕ – Губиток на пријатели, ако сонувате дека сте напуштиле некоја позната личност; ако сонувате дека таа вас ве

напуштила, тогаш можете да очекувате посета на некој соработник на работа и важни вести.
НАРАКВИЦА – подарок или парична добивка, ако сонувате дека ја носите, посебно ако е златна; ако сонувате дека сте ја изгубиле, очекувајте кавга во бракот или раскин со партнерот во љубовта.
НАРЦИС – радост, веселба, слога во семејството.
НАРОДНА НОСИЈА – патување во некое друго место во земјата, веселба во друштво.
НАСЛЕДСТВО – Ќе се одложи одговорот, т.е. нема да го добиете одговорот што го очекувате; не губете доверба во своите способности; истрајте на започнатата работа.
НАСИЛСТВО – Ако сонувате насилство над вас, очекувајте веселба; ако сонувате насилство над некоја друга личност, тоа е знак дека ќе примите покана која нема да ве израдува.
НЕБО - ќе ги остварите замислите на работа, ако сонувате ведро и чисто небо; небо со ѕвезди претскажува добивка, веројатно наследство; тмурно небо означува тешкотии, болест, кавга.
НЕДЕЛА – веселба со пријателите; слога и задоволство во семејството.
НЕВЕРСТВО – Сон со спротивно значење: мир и слога во семејството, добра соработка на работа – без разлика дали сонувате свое неверство, или неверство на некоја друга личност спрема вас.
НЕВИДЛИВОСТ – Ако сонувате дека нешто гледате, но ништо не гледате, тоа е опомена за тешкотии со раководните лица на работа; избегнувајте непотребни расправии.
НЕДОВЕРБА – непријатни разговори со блиска личност, било да сонувате недоверба на други спрема вас,било своја спрема другите личности; размислете за тоа дали вашите ставови се секогаш оправдани.
НЕЗНАЕЊЕ – успех во остварување на најновите заисли на работа, ако сонувате дека нешто не знате или дека не разбирате.
НЕГАТИВ – Филмски негатив е добар сон, бидејќи ја означува вашата внимателност во врска со тешкотиите на работа.
НЕМ – очекувајте пофалби или награди, ако сонувате нема личност; но ако се сонувате себе си дека сте неми, тогаш очекувајте непријатност во односите со пријателите.

НЕПРИЈАТЕЛ - ќе се смирите со некоја личност, ако сонувате дека сте во конфликт со нив, тогаш очекувајте губиток и други тешкотии на работа.
НЕПОСЛУШНОСТ – се наоѓате пред донесување на некоја важна одлука; не брзајте, бидејќи ќе се каете.
НЕРАСПОЛОЖЕНИЕ – Не се вознемирувајте заради таквиот сон, бидејќи претскажува дека лесно ќе ги совладате непријатностите кои ве очекуваат.
НЕРЕД - ќе ја дознаете одлуката која ја очекувате.
НЕСВЕСТИЦА – нема да ја остварите паричната добивка која ја очекувате, ако сонувате дека сте паднале во несвест; ако сонувате дека е некој друг паднал во несвест, тогаш очекувајте добрина од пријатели.
НЕСРЕЌА – Ќе имате променливи успеси на работа, ако сонувате дека ви се случила несреќа на копно; но ако тоа ви се случи на море, езеро, река, тогаш ве очекува разочарување во бракот, љубовта или во пријателите.
НЕУМЕРЕНОСТ – нема да ви се исполни желбата во врска со патување.
НЕУСПЕХ – слога во семејството, добро здравје.
НЕЧЕСНОСТ – очекувајте некој документ во врска со работа.
НИВА – Ако сонувате обработена нива или со зелени или зрели билки или дека работите на неа, тогаш очекувајте добивка, успех во семејството и на работа и среден живот; но ако сонувате необработена или неродна нива, тогаш можете да очекувате тешкотии, губиток или болест.
НОВОРОДЕНЧЕ – слога во бракот или во љубовта.
НОГА – неповолни вести, посебно ако сонувате дека сте ја скршиле ногата или некоја личност со таква нога; ако сонувате отечена или болна нога, тогаш очекувајте покана за некоја веселба.
НОЖ - Сон со многу лошо значење, што се однесува и на сите други предмети со изострено сечиво: грижи, неволји на работа, болест, кавги во семејството.
НОЖИЦИ – непријатности заради интриги со т.н. пријатели на работа.
НОС – лесно заболување, помал губиток или неправди, ако

сонувате мал или нормален нос; но ако сонувате голем или орловски нос, тогаш очекувајте некоја добивка или признание.
НОСИЛА – тешкотии во семејството, кои лесно и брзо ќе ги совладате.
НОЌ – Мирна и светла ноќ претскажува радост, веселба, добро здравје; нејасна или мрачна ноќ навестува кавга во семејството, губиток на пари и тешкотии.
НОЌНА РАБОТА – тешка и напорна работа, но и успех и добра заработувачка.
О
ОАЗА – пријателство со личност на која ќе можете да се потпрете и во најтешки денови.
ОБЕТКИ – вести кои ќе ве растажат; но ако сонувате дека некому ги подарувате, тоа е знак дека с# ќе помине без последици.
ОБВРСКА – болест, опасност од претерана работа и преголеми обврски.
ОБОРУВАЧ - пофалби заради успех на работа, напредување во професијата.
ОБЕЛИСК – промена на местото на живеење и средба со нови пријатели.
ОБЛАК – Ако сонувате облак кој поминува, очекувајте незгода која брзо ќе ја снема; меѓутоа, голем црн облак навестува дека наскоро ќе се скарате со некого од семејството.
Обложување- непуштајте се во голем ризик, бидејќи сонот претскажува парични губитоци.
ОВЕН – тешкотии во бракот заради тврдоглавост; ако сонувате колење или заклан овен, тогаш очекувајте жалост.
ОВЦИ – Сон со поволно значење: успех во работата, слога во семејството, добро здравје; но ако сонувате стрижење на овци, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
ОВЧО МЕСО – радост и веселба; подобрување на имотната состојба.
ОВЧАР – гости во домот, веселба.
ОВЕС – успех во работата, посебно ако сонувате дека е зрел; ако не родил добро тоа е знак дека ве очекуваат тешкотии на работа.
ОВОШТАРНИК – Сон со поволно значење, кое зависи од плодот:

ако е плодот зрел, тоа е знак за голем успех, но ако е плодот зелен или прореден, значи дека ве очекува успех но после тешка и напорна работа.
ОГИН – Сон со различно значење. Ако сонувате самите дека го палите, очекувајте успех на работа или во семејството; но ако сонувате дека го гасите, тоа е знак за тешкотии и непријатности. Ако сонувате дека други го палат, и тој е голем, тоа е предзнак за големи грижи, а ако е мал, тогаш зборува за несогласувања во семејството или со пријателите. Ако сонувате дека го расплмтувате, очекувајте тешкотии заради кавги.
ОГЛАВ – ОГЛАМНИК-промени во семејството најверојатно свршувачка
или венчавка.
ОГЛАС, ОГЛАСУВАЊЕ – радосна случка, ако сонувате дека читате огласи; но ако давате или читате свој оглас, тогаш очекувајте неповолни вести.
ОГЛЕДАЛО – ви се заканува опасност од ласкавци; но ако сонувате скршено огледало или дека сте го скршиле, тоа е предзнак за грижи и тешкотии во семејството.
ОГНИШТЕ – посета на пријател; задоволство заради успех на работа; потврда дека добро сте го одбрале своето занимање.
ОГНОМЕТ – не преземајте ништо набрзина, бидејќи сонот претскажува тешкотии на работа.
ОГОРЧУВАЊЕ – радост, неочекувано наследство, подобрување на имотната состојба.
ОГРАДА - ќе ве изненади вест за веридба; на работа не се впуштајте во никаков ризик, бидејќи сонот навестува губиток. Зелена ограда претскажува успех на работа; ако сонувате дека ви стои како пречка на патот, тогаш очекувајте тешкотии во работата.
ОДАЈА – познанство со личност која ќе ви биде искрен пријател.
ОДБРАНА – ново пријателство, ако сонувате дека браните некого од напад на друга личност. Одбрана пред суд – видете кај ЗАСТАПУВАЊЕ.
ОДЕЛО – значењето на сонот зависи и од бојата на оделото. Ново одело претскажува радост, добивка, успех во работата; старо или

искинато одело означува грижа и тешкотии. Ако себе си или друга личност сонувате без одело, очекувајте добри вести.
ОДМАЗДА-Ако сонувате одмазда на некоја личност спрема вас, тоа е предзнак за некоја тешкотија или жалост; но ако сонувате дека вие некому се одмаздувате, тогаш очекувајте признание или поволно решение на некој спор.
ОДМОР – Ако сонувате дека се одморате после работа,, тоа е знак дека ви е потребен одмор во стварностса; но ако сонувате годишен одмор, очекувајте пократко патување и веселба.
ОДРОНУВАЊЕ НА ЗЕМЈА – патување во повеќе места кои ги познавате.
ОТСУСТВО – Ако сонувате свое отсуство, очекувајте ненадејна посета; но ако сонувате доаѓање на друга личност на отсуство од војска, тоа е знак дека ве очекуваат неповолни вести.
ОЗБОРУВАЊЕ – промени во семејството или промена на местото на живеење, ако сонувате дека слушате озборување; но ако и самите во тоа учествувате, тогаш очекувајте некое подметнување.
ОКЕАН – патување во друга земја; ако е водата разбранувана, тоа е знак дека ќе имате тешкотии на патот.
ОКОВ – Сон со многу лошо претскажување; но ако сонувате дека сте се ослободиле од окови, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ОКОЛУВРАТНИК – озборување; полесно заболување.
ОЛОВО – тешкотии на работа; разгледајте ги повторно вашите нови планови.
ОЛУЈА – големи тешкотии на работа и во семејството; ако сонувате олуја со град, тогаш очекувајте жалост во семејството.
ОЛУК - ќе ви се оствари некоја голема желба, но после тешка и напорна работа.
ОЛТАР – Не е добар предзнак, посебно ако сонувате дека сте во црква. Очекувајте радосно доживување единствено ако сонувате дека некого водите пред олтар или од црква.
ОПАЛ – Сон со многу поволно претскажување и покрај тоа што постојат многу предрасуди во поглед на неговото носење во стварноста; обично означува радост заради ново познанство.
ОПАСНОСТ – разделба со личност која ви е драга; но ако сонувате

дека сте избегнале некоја опасност, тогаш можете да очекувате непријатност на работа или во семејството.
ОПЕРАЦИЈА - ќе решите големи грижи.
ОПИНЦИ – радост и веселба; но ако сонувае искинати опинци, тогаш очекувајте грижи и болест.
ОПТИЧАР – пофалби и признанија заради успех на работа.
ОРАНИЦА – добро обработена претскажува радост, веселба, исполнување на желби; но необработена или лошо обработена ораница навестува грижи и тешкотии.
ОРАЊЕ – успех во работата, ако се сонувате себе си како орач или дека орете; ако сонувате друга личност како оре, тоа е знак дека ќе имате некои тешкотии на работа, кои лесно ќе ги совладате.
ОРЕВ – Ако сонувате дрво со плод или берете или јадете ореви, тоа е знак дека ве очекуваат успеси во работата, радост и веселба во семејството; но стебло без листови или без плодови навестува грижи и тешкотии, кои лесно ќе ги совладате.
ОРЕЛ – пофалби, признанија на работа, подобрување на имотната состојба, ако сонувате орел во лет или во шума; но ако сте го отстрелале, тогаш очекувајте губиток на пари или тешкотии на работа.
ОРИЗ – Сон со добро претскажување: подобрување на имотната состојба, слога во семејството, успех во работата но ако сонувате дека го купувате, тогаш бидете упорни во застапувањето на своите ставови во врска со работата.
ОРКЕСТАР – тешкотии во работата; но ако сонувате дека оркестарот изведува мелодија која ја сакате, тоа е знак дека тешкотиите лесно ќе ги совладате.
ОРМАР – Нов или полн ормар претскажува задоволство и радост; но ако сонувате празен или неисправен ормар, тоа е знак дека ќе претрпите некоја штета или губиток.
ОРУЖЈЕ – очекувајте кавга, грижи, тешкотии и разни незгоди, било да сонувате огнено или студено оружје или орудие.
ОСА – Сон со многу неповолно значење: неповолни вести, неуспех во работата, кавги во семејството; но ако сонувате дека сте ја избркале од вас, тоа е знак дека сите незгоди ќе ги пребродите, но со напори.

ОСАКАТЕНОСТ– оздравување, радост, веселба, посета на сродници.
ОСЕКА – кавга во семејството; неуспех на работа.
ОСТРАЧ (мајстор) – Опомена да се чувате од зли личности и од своите
неодмерени зборови.
ОСТРЕЊЕ – Грижи и тешкотии во семејството.
ОСТРОВ – Ако сонувате пошумен остров, очекувајте радост, успех на работа, добро здравје; но ако сонувате оголен остров, тогаш очекувајте грижи, тешкотии и разни незгоди.
ОСТРИГИ – тешка и напорна работа; ќе ја совладате, но со многу големи тешкотии; обратете се на верните пријатели.
ОСУДЕНИК - ќе ви се исполни некоја желба, ако сонувате дека сте осуденик или дека ве осудил судот; но ако сонувате друга друга личност како осуденик, тогаш очекувајте неверство во брак или разочарување од личноста во која многу сте верувале.
ОТПУШТАЊЕ ОД РАБОТА, ОСТАВКА, ОТКАЗ. Исто значење има и ако сонувате дека вие давате оставка.
ОТРОВ – Ако сонувате отров или дека го земате, тоа е знак за некое заболување кое брзо ќе помине; но ако сонувате дека некој ве труе или дека тоа го правите на друг, тогаш бидете внимателни спрема личностите кои ви се претставуваат како големи пријатели, но тоа се само на зборови.
ОФИЦЕР – ве очекува ново познанство; колку е повисок чинот на офицерот кого го сонувате, толку ќе ви биде покорисен новиот познаник.
ОЦЕТ – неповолни вести, болест, секирација.
ОЧИ – значењето на сонот е поврзано и со бојата на очите. Ако сонувате дека вие или некој друг сте ги изгубиле очите, тоа е знак за некоја голема опасност која ви се заканува вам или на некој член од семејството.
ОЧНИ КАПАЦИ – претскажува тешкотии кои ја очекуваат некоја личност од вашата работна средина; помогнете & ако сте во можност.
ОЧУВ – долгови, непријатности на работа, пред с# од парична природа.

ОЏАК – успех на работа, напредување во професијата; но ако сонувате оџак без дим, с# ќе постигнете, но со тешка и напорна работа.
ОЏАЧАР – на кров или на работа, означува радост, слога во бракот и во семејството; но ако сонувате оџачар на улица или дека вие сте оџачар; тоа е знак дека ќе доживеете некое сомневање од кое брзо ќе се ослободите.
П
ПАДОБРАН – влошување на здравјето.
ПАДОБРАНЕЦ – посета на пријател и вести кои ќе ве израдуваат.
ПАЃАЊЕ – несакана случка, опасност, ако сонувате дека паѓате од висина; колку е поголема висината од која паѓате,
толку ќе бидат поголеми тешкотиите кои ве очекуваат; но ако сонувате друга личност дека паѓа од висина, тогаш значи дека тешкотиите брзо и лесно ќе ги совладате.
ПАЗАР – нови пријатели и соработници на работа; но ако сонувате дека нешто продавате или купувате, тогаш бидете внимателни во разговорите во друштво.
ПАЈАК – Колку е поголем пајакот што го сонувате, толку ќе биде поголем добитокот кој што ве очекува.
ПАКЕТ - ќе примите вести кои што ќе ве израдуваат; но ако сонувате дека сте примиле празен пакет, тогаш очекувајте непријатни вести.
ПАЛАТА – Ако сонувате дека ја гледате или посетувате, ќе запознаете угледна личност; ако сонувате дека живеете во неа, ве очекува голема добивка или напредување во професијата.
ПАЛАЧИНКИ – ненадејна вест и добивка на пари или успех на работа.
ПАЛЕЦ – мир и слога во бракот и во семејството; но ако сонувате дека сте го исекле палецот, тогаш сонот означува болест во семејството или смрт.
ПАЛМА – патување во странска земја и непријатно доживување.
ПАНТАЛОНИ – радост, успех во работата, пофалби и признанија, ако сонувате нови панталони или дека ги купувате; но стари или искинати панталони навестуваат озборување, грижи, неуспех на работа, кавги во семејството.

ПАПАГАЛ – интриги; избегнувајте празни разговори, ве озборуваат во најблиската околина.
ПАПРАТ – залудно го трошите времето во празни разговори.
ПАПУЧИ – радост, веселба, слога во бракот и во семејството.
ПАРАДА – големи непријатности, грижи, секирации, ако сонувате дека гледате парада; но ако во неа учествувате, тогаш очекувајте пофалби и почести.
ПАРИ – Сон со различно значење: неуспех во работите, губиток, кавга со пријателите и соработниците, ако сонувате примање на пари, лажни пари, дека ги губите или дека ги позајмувате; но ако сонувавте дека ги броите или издавате, тогаш очекувајте поволни вести, подобрување на имотната состојба или успех во деловните потфати.
ПАРК – радост и задоволство, ако сонувате уреден пар или дека шетате по него; но неуреден парк со паднати дрва или паднати лисја, тоа е знак дека ве очекуваат кавги во семејството, кои ќе ве загрижат.
ПАРАЛИЗА – не претерувајте во своите барања; со упорност и трпение ќе постигнете многу повеќе.
ПАРЛАМЕНТ – опоменува на опасност од озборување.
ПАРНИЦА – бидете внимателни во односите со соработниците на работа.
ПАРТАЛ – патување на кое не заминувате со задоволство; ако можете избегнете или одложете го.
ПАРФЕМ – грижи и тешкотии, ако сонувате дека го мирисате или купувате; ако сонувате дека некому го подарувате, не заборавајте на своите можности и обврски.
ПАСТИР – Чувајте се од т.н. пријатели, ако се сонувате себе си како пастир; ако видите пастир со стадо, тогаш очекувајте радосни вести и некој добиток. Пастир со свирало претскажува веселба во семејството, најверојатно свадба.
ПАСТРМКА – Сонот навестува дека е близу крајот на вашите тешкотии.
ПАТ – рамен и добар пат претскажува успех во работата; нерамен, крив или стрмен пат означува тешкотии или губиток на пари.
ПАТЕКА – радост и веселба, ако сонувате права или рамна

патека; но ако е крива или нерамна, очекувајте непријатности во семејството, најверојатно болест.
ПАТНИК – поволни вести и познанство со личност од која ќе имате голема корист.
ПАТОКАЗ – не одолговлекувајте со исполнувањето на своите парични обврски.
ПАТУВАЊЕ – промени кои ги очекувате, средба со пријатели, принова во семејството.
ПАТКА – покана на некој состанок и разговори; помирување со личност со која сте скарани; ако сонувате лов на патки, тоа е знак дека ќе ви се исполни некоја желба за која сте мислеле дека е неостварлива.
ПАУН – Задоволство, радост, успех на работа; но викање на паун навестува тешкотии заради кавги и несогласувања во семејството.
ПЕГЛА – неповолни вести. Ако сонувте дека пеглате, тогаш очекувајте пократко патување.
ПЕЕЊЕ – радост, веселба, задоволство, ако сонувате дека пеете сами или во друштво; но ако други пејат, тогаш очекувајте помали грижи и тешкотии.
ПЕЈСАЖ - веселба, ако сонувате рамен и светол пејсаж; но ако е пејсажот нерамен или магловит, можете да очекувате грижи, кавги и многу други тешкотии.
ПЕКАР – успех на работа, добра заработувачка, зголемување на приходот.
ПЕКАРА – нагло подобрување на имотната состојба.
ПЕКОЛ – Постојат многу толкувања за овој сон; преовладува толкувањето дека е лош предзнак, посебно во поглед на здравјето. Но, ако сонувате некоја друга личност во пекол, тогаш значењето се пренесува на таа личност.
ПЕПЕЛ – штета заради ваша непромислена работа: но собирањето на пепел е знак дека штетата брзо ќе ја отстраните.
ПЕПЕЛ (од цигара) – непријатности заради непостојана работа.
ПЕПЕРУГА – радост, веселба, задоволство, ако сонувате пеперуга во лет или на цвет; но ако го фаќате, тогаш очекувајте грижи, тешкотии, разочарувања.
ПЕРДУВИ – мали грижи и непријатности. Ако сонувате пердуви во

боја, тогаш значењето го одредува бојата.
ПЕРИКА – успех на работа или напредување во професијата; но ако сонувате некоја друга личност со перика, тогаш бидете внимателни во разговорот со непознатите личности.
ПЕРНИЦА - чиста и уредна претскажува радост, слога во бракот; неуредна перница е знак за тешкотии кои самите сте ги предизвикале.
ПЕРУНИКА – познанство и пријателство со нова личност.
ПЕСОК – пазете се од т.н. пријатели.
ПЕТА - ќе имате губитоци, ако сонувате пета на нога или болки во петата; но ако сонувате пета на обувки, тогаш очекувајте радосни вести.
ПЕТЕЛ – болест, кавга, тешкотии во семејството или на работа.
ПЕХАР – голема радост, веселба, промени во семејството.
ПЕЧКА – разделба со драга личност, кавги, непријатности на работа; но ако сонувате дека ложите печка, тогаш значи дека сите тешкотии ќе поминат без поголеми последици.
ПЕЧУРКИ – задоволство заради успех во работата, посигнат после големи напори.
ПЕШКИР – полесно заболување; помали непријатности на работа.
ПЕШТЕРА – тешкотии на работа, губиток на пари; но ако сонувате дека излегувате од пештера, тоа е знак дека тешкотиите лесно ќе ги совладате.
ПИВО – успех на работа, напредување во професијата.
ПИЕЊЕ ВОДА – радост и задоволство, ако сонувате дека пиете чиста вода; но ако пиете матна вода, млака или со некои вештачки додатоци, тогаш очекувајте непријатности во семејството, кавги или разделба со драга личност.
ПИЈАВИЦИ – не задржувајте се непромислено.
ПИЈАНИЦА – штета, губиток, кавги со колегите.
ПИЈАНКА - ќе се ослободите од грижите и тешкотиите.
ПИЛАНА – успех во работата, после големи тешкотии и напори.
ПИЛИЊА – познанство со нови личности на работа.
ПИЛОТ – завист на соперникот на работа и помали непријатности.
ПИПЕРКА – Свежа пиперка претскажува здравје и долг живот; исушена, тешкотии заради неуредност на работа; мелена, ако

е слатка, оздравување, но ако сонувате лута пиперка, тогаш очекувајте грижи, кавги и тешкотии; ако самите ја мелете или толчете пиперката, тоа е знак дека за сите неволји ќе бидете самите криви.
ПИРАМИДА – патување во друга земја, деловен успех.
ПИСАТЕЛ – радосни вести, ако сонувате некој познат писател; но ако се сонувате себе си дека сте писател, а тоа всушност не сте тогаш размислете уште еднаш за плановите за промените на работа.
ПИСМО – вести кои што ќе ве израдуваат, парична добивка, успех на работа, ако сонувате дека пишувате писмо или дека сте го примиле; но ако сте го запалиле или изгубиле, тогаш очекувајте грижи, кавги, тешкотии и изненадувања кои ќе ве растажат.
ПИСМОНОСЕЦ, ПОШТАР – радосни вести, добро здравје, слога во семејството.
ПИТА – радост, веселба, слога во семејството, ако сонувате дека самите ја правите; но ако сте ја добиле од некој друг, тогаш очекувајте посета и неповолни вести.
ПИТОН – соперниците ви подготвуваат некоја замка; ако можете, одложете го секое патување за некое време.
ПИШТОЛ – ви се заканува некоја голема опасност; но ако сонувате дека го чистите или подарувате некому, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ПИШУВАЊЕ – непријатности на работа по ваша вина.
ПЛАЖА – радосни вести, патување.
ПЛАКАР – бидете внимателни спрема т.н. пријатели.
ПЛАМЕН – расправии, грижи и тешкотии во семејството; но ако сонувате дека сте го изгаснале, тоа е знак дека с# добро ќе се заврши.
ПЛАНИНА – промени кои нема да ви се допаѓаат, тешкотии на работа, ако сонувате дека се искачувате на планина или слегувате низ неа; но ако сте се искачиле на врвот, тоа е знак дека сите грижи и неволји лесно ќе ги совладате.
ПЛАТА – грижи, тешкотии на работа; но ако сонувате дека сте незадоволни од платата, тоа е знак дека приходите наскоро ќе ви се зголемат.

ПЛАТНО – наскоро ќе имате и радосни и тажни случувања.
ПЛАЌАЊЕ – тешкотии, грижи, помали непријатности; но ако сонувате друга личност како плаќа, очекувајте некој добиток.
ПЛАФОН – грижи тешкотии заради себичност на блиска личност.
ПЛАЧЕЊЕ – радост, веселба во друштво; но ако сонувате некој друг како плаче, тогаш очекувајте непријатности заради интриги.
ПЛЕВА – парична добивка; успех во работата.
ПЛЕТЕЊЕ – вашата грижливост ќе вроди со плод; но ако сонувате дека друга личност плете, очекувајте некоја измама од негова страна.
ПЛЕЌИ – опомена да не се истакнувате себе си и да ги почитувате своите пријатели и соработници. Ако сонувате болки, тоа е знак дека здравјето ви е добро.
ПЛИВАЊЕ – радост, веселба, задоволстлво, ако сонувате дека пливате во чиста вода; но ако е водата матна или разбранувана, очекувајте непријатности и грижи. Ако сонувате давење, тогаш тешкотиите ќе бидат многу големи.
ПЛИМА – промени кои ќе ве израдуваат.
ПЛОТ – неслога во семејството, грижи, кавги; но ако сонувате дека го отстранувате, очекувајте смирување со личноста со која долго сте биле скарани.
ПЛУГ – радост, веселба, слога во семејството, успех на работа.
ПЛУСКАВЕЦ – грижи и секирации.
ПРАСКА – Сон со многу добро претскажување, посебно ако сонувате дека ги јадете во друштво.
ПРЕГРАТКА – Бидете внимателни спрема личностите кои ви се претставуваат како пријатели, а тоа во стварноста не се. Но, ако сонувате дека некоја вам блиска личност се прегрнува со друг, тоа е знак дека ве очекуваат радости.
ПРЕКАР – Сомнежите во пријателите не се оправдани, ако сонувате дека некој ве вика по прекар.
ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ – Ако сонувате престој во непозната куќа, тоа е знак за несигурност на вашиот престој и за промени на работа; ако сонувате дека сте одбиени да бидете примени во некоја куќа или во неа не можете да влезете од други причини, тогаш избегнувајте го секој ризик на работа.

ПОБЕДА – не плеткајте се во кавгите на другите.
ПОБУНА – кавга во домот, парични тешкотии.
ПОВОРКА – очекувајте вести за важни случувања.
ПОВРАТОК – помали тешкотии на работа или помал паричен губиток, кој брзо ќе го надополните.
ПОВРАЌАЊЕ – подобрување на имотната состојба; но ако сонувате дека некоја друга личност повраќа, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
ПОГАЃАЊЕ – бидете упорни ви толкувањето на своите ставови на работа, посебно во врска со новите планови.
ПОГАЧА – радост, веселба, слога во семејството.
ПОГРЕБ – Сон со спротивно значење: очекувајте веселба, најверојатно свадба во семејството или во роднини доколку сонувате погреб на непозната личност. Ако сонувате свој или на некоја блиска личност, тогаш очекувајте губиток, болест и тешкотии.
ПОГУБУВАЊЕ – тешкотии во работата, парични губитоци.
ПОДАРОК – ве очекува изненадување, ако сонувате дека некому давате подарок; но, ако го примате, тоа е знак дека изненадувањето нема да биде поволно за вас. Предупредување да се чувате од личноста која ви дава подарок насон.
ПОДВИГ – понижување, кавга во семејството, неслога на работа.
ПОДВОЗНИК- чувајте се од зависта на некоја блиска личност.
ПОДМИТУВАЊЕ – непријатности заради неодмерени зборови.
ПОДРУМ – успех во работата, слога во бракот и во семејството; но ако сонувате празен подрум, очекувајте парични губитоци или тешкотии на работа.
ПОЖАР – очекувајте неважни вести, ако сонувате помал пожар; голем пожар означува големи неволји; но ако сонувате дека е изгасе или дека и вие сте учествувале во гаснењето, тоа е знак дека тешкотиите ќе ги совладате без поголеми псоледици.
ПОЖАРНИКАРНА КОЛА - Ако сонувате дека заминуваат на местото на пожарот, тогаш очекувајте тешкотии во вашиот живот, но ако се враќаат после гаснење, значи дека тешкотиите нема да ви зададат поголема грижа.
ПОЗАЈМИЦА – грижи, тешкотии; но ако сонувате дека сте

ја вратиле или вам ви вратил некој позајмица, тоа е знак дека тешкотиите брзо ќе ги совладате.
ПОЗДРАВУВАЊЕ – вести кои ќе ве изненадат и израдуваат; но ако сонувате дека некого поздравувате гласно или со плескање на рацете, тогаш очекувајте неповолни вести.
ПОЗЛАТА – некој ќе ви понуди подарок; размислете добро дали треба да го примите, бидејќи побудата може да не биде пријателска.
ПОЈАДОК - опомена да бидете внимателни во врска со исхраната.
ПОЈАС – слога во бракот и во семејството, успех на работа.
ПОКАНА – вести кои нема да ве израдуваат.
ПОЛЕ – радост, веселба, успех во работата.
ПОМИРУВАЊЕ – неочекувана случка која ќе ве возбуди и израдува.
ПОМРАЧУВАЊЕ – Ретко се сонува. Обично претскажува болест во семејството, било да е помрачување на Сонцето или Месечината.
ПОЛЕДИЦА – промени во семејството, кои ќе ги нарушат вашите желби.
ПОЛЖАВ – Не ги наметнувајте своите предлози на работа, прифатете ги советите на искрените соработници и пријатели.
ПОЛИЦИЈА – навестување дека сите грижи и неволји лесно и брзо ќе ги пребродите, но пазете на неправилностите и сомнителни работи.
ПОП – непријатности во животот, пазете се од измами и лажни пријатели.
ПОПЛАВА – Сон со добро претскажување за оние кои живеат до река; за останатите означува кавги, грижи, губитоци.
ПОРАКА – патување и поволни промени на работа.
ПОРОДУВАЊЕ – радост во семејството или во домот.
ПОРОТА – бидете внимателни во донесувањето на своите мислења, ако се сонувате себе си како поротник; ако сонувате дека сте биле пред поротници, очекувајте грижи и тешкотии.
ПОРТОКАЛ – неочекувано патување; бидете внимателни при одлучувањето во новите работи.
ПОРТРЕТ – поголеми здравствени тешкотии, ако го сонувате својот портрет; ако сонувате портрет на некоја друга личност, очекувајте кавга со некој познаник или пријател.

ПОСЕТА – патување и задоволство, ако сонувате дека некој ве посетил; но ако сонувате дека вие некого посетувате, тогаш бидете внимателни при одлучувањето во новите планови.
ПОСРАМОТУВАЊЕ – Пријател ќе ви се обрати за помош; помогнете му, но не занемарувајте ги своите работи и обврски.
ПОСТЕЛА – грижи, неволји, секирации.
ПОСЛУШНОСТ – навестува радосни денови во работата и животот.
ПОТ – успех во работата, но после напорна и тешка работа.
ПОТКРОВЈЕ – непријатности на работа, закачки, интриги.
ПОТОК – радост, веселба, задоволство, ако сонувате поток со бистра вода; но ако е водата матна, разбранувата или потокот пресушил, тоа е знак дека ве очекуваат непријатности, тешкотии во работата или болест.
ПОТОНУВАЊЕ – болест во семејството; но ако сонувате дека некој ве спасил или дека вие сте спасиле друга личност, значи дека заболените брзо ќе заздрават.
ПОТПИС - ќе ви се придружи нов соработник на работа кој ќе стане и верен пријател.
ПРАСЕ – непријатности во семејството; но ако сонувате печено прасе, тогаш очекувајте веселба во друштво.
ПРАШИНА – грижи и неволји; но ако сонувате дека ја бришете, тоа е знак дека набрзо ќе ги совладате.
ПРЕДАВАЊЕ – вести од пријатели кои ќе ве развеселат, ако сонувате дека држите предавање; но ако сонувате дека вие слушате предавање, тоа е знак дека вестите ќе бидат неповолни.
ПРЕДОК – навестува некоја болест, ако сонувате некој предок постар од таткото и мајката.
ПРЕКОР– неочекувани вести од некои значајни личности кои ќе ве израдуваат.
ПРЕСТАП – неочекуван успех на работа.
ПРЕСУДА – пократко патување, на покана од пријателите.
ПРИЈАТЕЛ, ПРИЈАТЕЛКА – Сон со добро претскажување: радост, веселба, задоволство, успех во работата, ако сонувате состанок или посета. Но, ако сонувате болест, губиток, тепачка или разделба, тогаш очекувајте болест, кавги и тешкотии во животот.

ПРИЗНАНИЦА – возбудлива случка; потпрете се единствено на испробаните пријатели.
ПРИСЛУШКУВАЊЕ – интриги, кавги во семејството, болест.
ПРИСТАНИШТЕ – патување во странска земја.
ПРОВАЛНИК – некој од соперниците смислува одмазда спрема вас.
ПРОБА – Ако сонувате дека пробувате некоја храна или некој предмет, бидете претпазливи во постапките спрема блиските.
ПРОЛЕТ – очекувајте покана за свадба, ако во текот на зима сонувате пролет.
ПРОНЕВЕРА – кавга во домот, тешкотии на работа.
ПРОСЈАК – добивка во игрите на среќа.
ПРОСТИТУТКА – кавги во бракот или меѓу љубовните партнери.
ПРОТИВНИК, ПРОТИВНИЧКА – озборување, ситни кавги.
ПРСТ – кавга со најблиска личност.
ПРСТЕН – промени во личниот живот, напредок; но ако сонувате дека сте изгубиле прстен или сте го скршиле, тоа е знак дека промените ќе бидат на ваша штета.
ПРСКАЊЕ – промена на средината која ја посакувате.
ПРОШЕТКА – радост, веселба, задоволство заради успех во работата.
ПТИЦИ – радост, голема парична добивка, ако сонувате птици кои пејат; но ако сонувате дека ги фаќате или бркате, тогаш очекувајте неповолни вести, грижи и неволји.
ПТИЧЈЕ ГНЕЗДО – успех во работата, радост и веселба, ако е полно; но ако сонувате дека е празно или дека го растурате, тогаш ве очекуваат големи грижи и тешкотии.
ПУТЕР – кавги со пријателите или мали финансиски тешкотии.
ПУШЕЊЕ – неочекувани гости.
ПУШКА – кавга во семејството или во бракот, ако сонувате дека ја полните пушката или дека сте со неа во лов. Ако сонувате празна пушка, избегнувајте остри зборови и непотребни расправии.
ПЧЕЛИ – успех во работата, добиток во игрите на среќа; но ако сонувате дека ги бркате или дека сте убиле пчела, тогаш очекувајте жалост, болест и губиток.
ПЧЕНИЦА – радост, веселба, успех во работата, слога во

семејството; но ако сонувате дека ја продавате, тоа е знак дека ќе имате неочекувани губитоци.
ПЧЕНКА – Сон со многу добро претскажување, посебно ако сонувате зрела пченка и нејзино берење; обично означува успех на работа, радост и задоволство во животот.
Р
РАБОТИЛНИЦА – познанство со поголем број луѓе, ако сонувате дека работите во некоја работилница; но ако нешто разгледувате или купувате во работилница, тогаш очекувајте непријатности во семејството.
РАДИО – неочекувана вест за парична добивка.
РАДОСТ – тоа е знак за добро здравје, ако сонувате дека сте радосни; но ако сонувате дека се радувате на некоја друга личност, тогаш очекувајте вести кои ќе ве растажат.
РАЃАЊЕ – радост, задоволство, слога во бракот, ако мажена жена сонува дека родила дете; за немажени, ваквиот сон претскажува влошување на здравствената состојба.
РАЖЕН – радост, веселба, добивка, ако сонувате дека го правите или дека го носите; но ако го вртите, тогаш очекувајте тешкотии или неуспех во работата.
РАЗБОЈ – ве очекува тешка и напорна работа, но и успех на крај.
РАЗБОЈНИК – противниците ви подготвуваат некоја одмазда, бидете внимателни и спрема лажните пријатели.
РАЗВОД – Сон со спротивно значење: очекувајте поголема слога во бракот.
РАЗГОВОР – добра соработка во средината во која работите, почитување и углед. Ако сонувате разговор со непозната личност, тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
РАЗДЕЛБА – неочекувана вест за помала добивка, ако сонувате разделба со некоја личност во тага; но ако сонувате разделба со веселба, тогаш очекувајте тешкотии на работа.
РАЗМЕНА – кавга со блиска личност, ако сонувате дека со некого разменувате некоја работа.
РАЗОЧАРУВАЊЕ – радост во семејството, успех на работа.
РАЗУРНАТИНИ – кавга во семејството;парични губитоци.
РАЈ – Сон со многу поволно претскажување во секој поглед: слога и

среќа во семејството, успех во работата, углед во друштвото, добар род на посевите и овошјето.
РАК (морски или слатководен) – тешкотии во работата, ако сонувате дека гледате рак; но ако ловите ракови и во тоа успеете, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
РАК (болест) – Сон со спротивно значење: добро здравје и радост.
РАКА – нечиста: успехот на работа ќе биде доведен во прашање; повредена: ќе се разболи некој во вашето семејство; отрната: губиток на пари; губиток на рака: долга и тешка болест; чиста рака или ракување со некоја личност означува дека многу неволји успешно ќе ги совладате.
РАКАВИЦИ – неповолни вести, парични тешкотии.
РАКЕТА – соперниците ви подготвуваат некоја одмазда, не почнувајте кавга без потреба.
РАКИЈА – очекувајте исполнување на некоја дамнешна желба.
РАКОПИС – предупредување да идете внимателни во врска со преземањето на новите работи.
РАМНИЦА – ако сонувате дека се движите по рамница, тоа е знак дека работата ви напредува во секој поглед.
РАНА - ќе ја решите тешкотијата која што ве притиска, ако сонувате рана на друга личност; но ако сонувате своја рана,тогаш очекувајте озборување и навреди.
РАНЕЦ – патување во странска земја; за помлади личности може да значи и покана во војска.
РАСАДНИК – радост и веселба во семејството, најверојатно заради принова.
РАСКРСНИЦА – претскажува голема промена; размислете добро пред да решите.
РАСПРОДАЖБА – несигурност на работа; не отфрлајте совети на пријатели и искрени соработници.
‘РЃА – паричен губиток заради сопствено невнимание.
РЕБРО – неочекувани постапки на пријатели во кои имате голема доверба.
РЕГРУТАЦИЈА – одложување на успехот во работата; парични тешкотии.
РЕЗЕ – промена на работното место, ако сонувате дека ставате резе

на врата; ако некој друг го става на вашата врата, тогаш очекувајте тешкотии на работа.
РЕЗАНЦИ – мали непријатности во семејството.*
РЕЗБАРЕЊЕ – други ќе се користат со вашиот труд и успеси на работа.
РЕЗЕРВОАР – непријатни случувања, не брзајте во возењето.
Ако сонувате полн резервоар, тоа е знак дека неволјите брзо ќе ги совладате.
РЕКА – Ако е водата бистра, сонот претскажува дека ќе ви се исполни некоја желба; но ако е водата матна, очекувајте тешкотии.
РЕН – несогласување во семејството; непријатности на работа.
РЕПА – штета, губитоци, неволји.
РЕЧНИК – предупредување да не започнувате кавга, губиток на пријател.
РЕШЕТО – неочекувана понуда за нова работа; бидете внимателни бидејќи сонот претскажува тешкотии.
РИБА – Риба која плива, претскажува деловен успех; мртва риба, на пример во рибарница, е знак за големи тешкотии; ако сонувате дека сте фатиле риба, очекувајте кавга, но ако после фаќањето сте ја пуштиле во вода, тоа е знак дека кавгата ќе помине без последици.
РИБАР – ве очекува некоја веселба, посебно ако сонувате рибар на вода.
РИБОЛОВ – неуспех во некој потфат од кој многу сте очекувале; но ако сонувате дека уловената риба сте ја пуштиле во вода, тоа е знак дека потфатот ќе ви успее, со помош на пријатели.
РИД – Означува нешто неповолно. Ако сонувате дека сте се качиле на врв, лесно ќе ги совладате тешкотиите. Ако сонувате дека се симнувате, знак е дека желбите нема да ви се исполнат.
РИКАЊЕ – ве предупредува на опасност од соперници на работа.
РИМУВАЊЕ – некој ве лаже во парични сметки.
РИС - ќе дознаете за злобата на некоја позната личност.
РИЦИНУСОВО МАСЛО – слога во семејството; успех во работата.
РОБИЈАШ - Ако се сонувате себе си како робијаш, очекувајте жалост во семејството; но, ако сонувате друга личност во таа улога, тоа е знак дека ќе стекнете нови пријатели.
РОВ - ќе ви се остварат плановите на работа; не потценувајте го

придонесот на своите соработници.
РОГОВИ – Ако сонувате рогови на живо животно, тоа е знак за некои непријатности; но ако сонувате рогови како трофеј, тогаш очекувајте грижи, неволји и поголеми тешкотии.
РОДЕНДЕН – радост, веселба, задоволство, долг живот, добро здравје.
РОДИТЕЛИ – успех во работата, слога во семејството; но ако сонувате дека пријателите ви се болни, очекувајте грижи и тешкотии.
РОКВИЦА – опомена да размислите за своите обврски на работа.
РОМАН – слога во бракот, среќа во љубовта, ако сонувате дека читате роман; но ако сонувате дека го пишувате, а не сте писател, тоа е знак за тешкотии. За писателите ваквиот сон нема никакво значење.
РОНЕЊЕ - ќе ви се исполнат желбите, но после големи напори. Ако сонувате други личности како ронат, бидете
внимателни, бидејќи некој ви подготвува измама; ако сонувате риба или некое друго животно како рони, тоа е знак дека измамата нема да успее.
РОСА – подобрување на имотната состојба; слога во бракот.
РУДНИК – успех во работата, подобрување на имотната состојба. Ако сонувате рудник со злато, очекувајте поголема добивка.
РУЖ - ќе ве изневери личност во која имате голема доверба.
РУЖА(РОЗА) – Сон со многу поволно значење: слога во љубовта, успех во работата, задоволство и радост со пријателите; но
ако сонувате свената роза, вашата радост ќе биде поматена со неверство на пријатели или познаници. Ако сонувате роза во боја, тогаш сонот има значење врзано за таа боја.
РУЗМАРИН – ново познанство и пријателство.
РУШЕВИНА – Бидете внимателни на работа, бидејќи сонот претскажува материјални губитоци.
С
САБЈА – пофалби, награди, унапредување во повисоко звање; но ако сонувате ранување со сабја, тогаш очекувајте кавги, грижи и тешкотии.
САДНИЦИ – очекувајте принова во семејството; ако сонувате дека

садите очекувајте и ново пријателство.
САДОВИ – несогласувања во семејството, кавга со некој пријател.
САЕМ – познанство со повеќе личности, радост, веселба, слога во семејството.
САКАТ – предупредување да бидете внимателни на работа, ако се сонувате себе си сакат, но ако сонувате друга личност, тогаш е знак дека можете да очекувате пофалба или награда на работа.
САЛА - ве очекува донесување на важна одлука во врска со работата.
САЛАМА – несогласување во бракот или со љубовниот партнер.
САЛАТА – тешкотии на работа кои ќе ги совладате единствено со напорна работа.
САЛО – Сонот навестува ваша победа над противникот.
САМОТИЈА – успех на работа, но морате да го постигнете само со своите способности и искуства.
САМОУБИСТВО – грижи и тешкотии настанати заради вашите постапки.
САНДАК – Нов или полн сандак претскажува добивка; но ако сонувате празен или искршен сандак, тогаш очекувајте кавги, грижи и непријатности.
САНКИ, САНКАЊЕ – Не брзајте со донесувањето на важните одлуки, бидејќи сонот претскажува непријатни изненадувања.
САНТА ЛЕД – големи грижи и тешкотии.
САПУН – неочекувано поволно решение на прашањето, во кое сте се сомневале.
САРМА – Бидете поумерени во исхраната, иако сонот навестува добро здравје и долг живот.
САУНА – писмо од далеку, патување во друга земја.
САФИР – задоволство, радост, веселба во друштво.
СВАДБА – Ако сонувате своја свадба, очекувајте грижи и тешкотии; ако сонувате свадба на друга личност, а не сте во брак, очекувајте скоро стапување во него, а ако сте во брак, тоа е знак за кавги и расправии.
СВАТОВИ – Ако сонувате дека имате сватови, очекувајте брзо веселба, најверојатно свадба; но ако сонувате дека сте во сватови,

тоа е знак за потешко заболување.
СВЕДОК – Сонот навестува неоправдани оптужби против вас на работа; размислете за своите постапки.
СВЕКОР, СВЕКРВА – расправии во семејството, грижи и тешкотии.
СВЕТИЛНИК – Предупредување да ги избегнувате кавгите; ако дојде до нив, настојувајте да ги избегнете, бидејќи со тоа ќе ги избегнете и тешкотиите кои сонот ги претскажува.
СВЕЌА – да видите да гори: болест, смрт; да видите угасната: штета, губиток; да палите свеќа: задоволство и радост.
СВЕТЕЦ – принова во роднини.
СВЕЧЕНОСТ – промени во семејството; неочекувани гости.
СВЕЧЕНА ПОВОРКА – непријатности и тешкотии заради преголемо внимание на надворешниот изглед, на сметка на духовниот развиток.
СВЕШТЕНИК – непријатности, грижи, тешкотии.
СВИРЕЖ - очекувајте новости на работа; но ако сонувате дека некој друг свири, тогаш тоа е знак дека ве озборуваат или дека ви смислуваат одмазда.
СВИЊА – добивка, успех во работата; но ако сонувате свиња во кал, тогаш ве очекува несреден живот. Голем број свињи означуваат непријатности.
СВИНСКА МАСТ – успех во работата, но после напори.
СВИРАЧИ – парични издатоци.
СВИЛА – слога во семејството; успех во работата.
СВРАКА – неповолни вести.
СЕДЛО – успех во работата; добивки во игрите на среќа.
СЕДА КОСА – ново познанство; подобрување на имотната состојба.
СЕДЕЊЕ – патување; состанок со пријателите.
СЕДИШТЕ – патување, ако сонувате подвижно седиште; ако е неподвижно, тогаш означува тешкотии во работата.
СЕЈАЧ - очекувајте помош на пријатели во неволја; ако сонувате дека нешто сеете, тогаш очекувајте добри резултати во работата.
СЕКИРА – радост и веселба, ако ја видите; но ако сонувате дека работите со секира, тогаш очекувајте непријатности, наверојатно паричен губиток.

СЕЛИДБА – грижи, промена на местото на живеење; но ако сонувате дека успешно сте го завршиле, тоа е знак дека грижите брзо ќе ги окончате.
СЕЛО – радост, веселба, задоволство заради успех во работата.
СЕЛАНЕЦ – добро здравје и долг живот.
СЕМЕ – радост, веселба, среќа, посебно ако сонувате повеќе видови семе.
СЕНО – успех во работата; во пласт: пофалби и награди. Ако сонувате дека лежите на сено, тоа е знак за добро здравје.
СЕСТРА – веселба во семејството, подарок, оздравување.
СИДРО - ќе ви се исполни некоја голема желба.
СИМНУВАЊЕ – непријатности во семејството.
СИЛЕЦИЈА – чувајте се од лажен пријател.
СИЛУВАЊЕ – тешкотии, грижи, губиток, разни непријатности.
СИН – радост во домот; ако сонувате болест или смрт на синот, очекувајте грижи и тешкотии; ако се карате со синот или го карате, очекувајте неуспех во работата или губиток на пари.
СИРЕЊЕ – Чувајте се од неискрени и лукави пријатели.
СИТО – опомена да ги чувате своите работи.
СИТОСТ – грижи, тешкотии, неуспех во работата.
СИФОН – покана на некоја свеченост.
СКАЛИ - ќе ви се исполни некоја желба, ако сонувате дека се качувате по скали; но ако сонувате дека слегувате или дека сте padнале, тогаш очекувајте тешкотии во работата и губиток.
СКАКУЛЕЦ – несигурност на работа, промени, грижи и тешкотии.
СКЕЛЕ – Не губете доверба во своите способности заради моментните тешкотии и неуспех во работата.
СКЕЛЕТ – болест во семејството.
СКИЈАЊЕ – неочекуван успех во работата; но ако сонувате пад во тек на скијањето, значи дека вашиот успех ќе биде поматен со некоја непријатност.
СКОКАЊЕ - ќе се соочите со големи тешкотии, ќе ги совладате со упорна работа.
СКОКОТКАЊЕ - ќе отстраните некое недоразбирање во семејството. Но ако сонувате некое скокоткање во носот или во грло, тоа е знак за искушение во врска со позајмица на пари.

СКОРПИЈА – интриги, кавги, губиток; но ако сонувате дека ве нападнала или ве каснала, тогаш претскажува тешко заболување.
СЛАВА – Ако сонувате дека сте станале славни, очекувајте повик од некои власти; ако сонувате своја домашна слава, очекувајте покана во друштво.
СЛАВЕЊЕ (некој празник, роденден, имenден) - ќе ви се исполни желба, но после напорна работа.
СЛАВЕЈ – радост, веселба, задоволство заради среќни случувања во семејството.
СЛАДОЛЕД – лесно заболување; чувајте се од интриги со соседите.
СЛАМА – растресена: грижи и тешкотии; собрана: с# лесно ќе совладате, но со помош на соседи и пријатели.
СЛАНИНА – да ја видите: знак е дека имате добар апетит; да јадете сланина: очекувајте болест или тешкотии со соработниците на работа.
СЛАТКАРНИЦА – радост, веселба, задоволство, посебно ако сонувате дека сте јаделе слатки.
СЛАТКИ – радост во семејството, ако сонувате дека ги правите; но ако јадете слатки, тогаш очекувајте интриги во роднините.
СЛЕПИЛО – грижи и тешкотии; но ако сонувате свое слепило и дека после тоа повторно сте прогледале, тоа е знак дека сите тешкотии брзо и лесно ќе ги совладате. Ако сонувате слепа личност, тоа е знак за некоја добивка.
СЛЕТУВАЊЕ – успех на работа, пофалби и награди.
СЛИВИ – радост, веселба, задоволство заради успех во работата, ако сонувате дрво со зрели плодови или ако е во цвет; но ако сонувате зелени плодови или суво дрво, тоа е знак дека ве озборуваат и ви подготвуваат некоја одмазда.
СЛИКА – несогласувања во семејството; колку ви е поубава сликата на сон, толку ќе идат поголеми тешкотиите во стварноста.
СЛИКАР – Не преценувајте ги своите способности, ако се сонувате себе си како сликар, а тоа навистина не сте. Ако сонувате драга личност како сликар, тогаш очекувајте слога во домот и успех во работата.
СЛОН – вест за неочекувана случка.
СЛОНОВА КОСКА – вест која многу ќе ве израдува.

СЛУГА – некој смислува измама; но ако сонувате повеќе слуги, тогаш очекувајте гости.
СМЕЕЊЕ – грижи, солзи, жалост.
СМЕТАЊЕ – неуспех на работа и паричен губиток; бидете внимателни во позајмувањето пари.
СМЕТКА – ве очекува непријатна случка, ако сонувате дека сте добиле сметка; но ако сте ја исплатиле, тоа е знак дека непријатностите ќе поминат без последици.
СМОКВА – личност од друг пол ќе изрази восхитување спрема вас.
СМОЛА – парични добитоци, но губиток на углед и престиж.
СМРЕКА – некој ве озборува; бидете внимателни во разговорите и изјавите на работа.
СМРТ - ќе слушнете вест за некое раѓање, ако сонувате своја смрт; но ако сонувате смрт на некоја друга личност, очекувајте добро здравје и долг живот.
СНАА – кавги, секирации, тешкотии.
СНЕГ – радост, веселби, задоволство; но ако сонувате дека се топи, задоволството ќе биде поматено со некоја непријатна случка.
СНОП – Ако сонувате дека го сложувате и врзувате, очекувајте нови познанства и пријателства; ако го вршите, знак е за радост и задоволство заради успех во работата.
СОБА – слога во бракот, ако сонувате уредна и наместена соба; празна или неуредна соба претскажува кавга, грижи и секирации.
СОБИРАЊЕ – пари: неочекувана добивка; овошје: голема радост во семејството; билки: успех во љубовта, слога во бракот.
СОВЕТ – Сонот претскажува ново пријателство, било вие да советувате некого или пак вас некој да ве советува.
СОВЕСТ – Ако сонувате дека совеста ви е вознемирена, очекувајте поволно решение за некое важно прашање.
СОВА – лажно пријателство, грижи, болест, смрт во семејството.
СОЈКА – ве очекуваат грижи и тешкотии, кои ќе ги совладате единствено со голем труд и напори.
СОКОЛ – опкружени сте со соперници, кои чекаат можност да ви напакостат; ако сонувате сокол во лов, тоа е знак дека ќе ги надминете соперниците.
СОЛ – Сон со поволно претскажување, во секој оглед, освен ако

сонувате дека солот сте го расипале – тогаш очекувајте грижи и тешкотии.
СОЛЗИ – радост, веселба, забава.
СОНЦЕ – среќа, радост, успех во семејството и на работа. Сончево изгревање означува големи успеси во работата; заоѓање на Сонцето укажува на грижи, секирации, тешкотии.
СОНЧАНИЦА– некој ви завидува заради вашите успеси во работата.
СОНЧОГЛЕД – несогласувања во бракот или во љубовта; неверство на партнерот во љубовта.
СООБРАЌАЈНА НЕСРЕЌА – успех во работата; но ако сонувате дека сте виделе сообраќајна незгода, а не сте
пружиле помош на повредените, тогаш очекувајте секирации и неволји.
СОПНУВАЊЕ – помали препреки на работа; но ако сонувате дека сте падналe после сопнување, тоа е знак дека ќе го промените работно место, без ваша желба.
СОСЕД – предупредување дека некој ве озборува.
СПИЕЊЕ – грижи, тешкотии, неуспех во работата.
СПАНАЌ – оздравување, долг живот.
СПАСУВАЊЕ – ве демне некоја опасност, ако сонувате дека некој ве спасил; но ако сонувате дека вие сте спасиле некого, тоа е знак дека наскоро ќе се веселите.
СПЛАВ – патување кое не го сакате, но кое ќе се заврши среќно; претскажува и промени на работа.
СПОМЕН – писмо и радосни вести.
СПОМЕНАР – посета на пријател кој одамна не сте го виделе.
СПОМЕНИК – успех во работата, пофалби и почести.
СРАМОТА – очекувајте случка која ќе ве израдува, ако сонувте дека некој ве посрамил или понижил.
СРЕБРО – грижи и тешкотии; размислете уште еднаш за своите нови планови на работа.
СРНА – радост, веселба, задоволство, слога во бракот, успех во работата. Ако сонувате срна и мало срниче, едно или повеќе од нив, можете да очекувате принова во семејството. Ако сонувате мртва срна или дека вие сте ја отстрелале, тогаш очекувајте грижи,

неволји, губиток на пари.
СРЕЌА – бидете внимателни во работата, ако сонувате дека сте среќни; користете ги своите чувства но и својот разум.
СРП - опомена дека доаѓаат тешкотии и неуспеси во работата; упорност и трпение ќе ви помогнат да ги совладате.
СТРАВ – вашите напори на работа ќе вродат плод; страв од вода претскажува губиток или кражба.
СТАКЛО – неочекувана добивка; но ако сонувате скршено стакло, тоа е знак за грижи и жалост.
СТАН – ако го немате, очекувајте поволно решение; ако го имате, тогаш очекувајте некое заболување или неуспех во работата.
СТАНИЦА – неочекувана посета; скоро патување.
СТАП – патување, непријатности, болест, посебно ако сонувате дека се потпирате со него при одење.
СТАРОСТ – Колку повеќе стари личности сонувате, толку пријатени доживувања ве очекуваат. Но, да ја сонувате својата старост или за неа да сте загрижени, навестува опасност од заболување.
СТРАНСТВО – Ако сонувате патување во странство или престој таму, очекувајте промени на работа кои ќе ве загрижат.
СТРАСТ – несогласувања во бракот или во љубовта.
СТРЕЛА – опасност, разочарување, неуспех во работата, вест за некоја несреќа.
СТАОРЕЦ – нерасположение, грижи, тешкотии, болест; но ако сонувате дека сте убиле стаорец, тоа е знак дека сите препреки успешно ќе ги совладате.
СТОЛИЦА – слога во бракот или во љубовта; но ако сонувате скршена столица, очекувајте кавги и секирации.
СТОМАК – голем: размислете за начинот на исхрана; нормален: добро здравје и долг живот; болест во стомакот: неволји со здравјето.
СТРАЖАР – нов пријател и соработник на работа.
СТРАНЕЦ – писмо или подарок од пријател од далеку.
СТУДЕНИЛО – противниците ви пречат во работата; со мудро држење можете лесно да ги придобиете.
СУВО ГРОЗЈЕ – ќе добиете поголем број помали подароци од

роднини и пријатели.
СУДЕЊЕ – бидете внимателни во разговорите и изјавите.
СУДИЈА – непредвидени издатоци. Ако сонувате судија и дека сте ослободени од некоја оптужба, очекувајте грижи и тешкотии; но ако сте прогласени за крив, тоа значи дека ќе се ослободите од некои грижи или тешкотии. Ако се сонувате себе си во улога на судија, тогаш добро размислете за своите постапки со соработниците во работата.
СУДСКИ ИЗВРШИТЕЛ – добивка или неочекувано наследство.
СУДСКА ПОКАНА – кавга која ќе се претвори во немила случка; можете да ја спречите со разумно однесување.
СУКЊА – нова: радост, веселба; стара или искината: секирации, губиток.
СУНЃЕР – покана на веселба, наверојатно на свадба.
СУША – промена на времето; помала радост во семејството.
Т
ТАБЛА – На искрен пријател треба секогаш да се потпрете; не ги отфрлајте советите од соработниците на работа.
ТАВА – предупредување да бидете поумерени во јадењето.
ТАВАН – непријатности во семејството, парични губитоци.
ТАГА – радост и веселба.
ТАЈНА – ново пријателство, ако сонувате дека сте дознале некоја тајна; понижување и срамота, ако сонувате дека сте откриле тајна на некоја друга личност.
ТАКСИ – поволни вести од пријатели; патување.
ТАТКО – Ако сонувате таткото да ви зборува или дека и вие сте станале татко, тоа е добар предзнак – очекувајте радост, веселба, успешна работа. Но, ако сонувате таткова смрт, тогаш ве очекуваат големи непријатности.
ТВРДИНА – озборувања; неуспех во изјава на љубов.
ТЕАТАР – непријатности од личност од која тоа не го очекувате.
ТЕЛЕ – слога во бракот; среќа за љубовниците.
ТЕЛЕГРАМА – неповолни вести, грижи, секирации.
ТЕЛЕФОН – не пребрзувајте во донесувањето одлука за новата работа.
ТЕМНИЦА – углед и почести, ако сонувате дека сте во неа;; но ако

сонувате друга личност во темница или дека од неа сте излегле, ќе доживеете разочарување.
ТЕНИС - ќе добиете работа за која сте заинтересирани.
ТЕНК – Моќни противници ви подготвуваат препреки во работата; останете доследни во своето држење.
ТЕМЈАНУШКА-радост и веселба во семејството, успех на работа.
ТЕПАЧКА – слога во бракот и во семејството, ако сонувате дека ја тепате својата жена или деца; но ако сонувате дека тепате некоја друга личност или туѓи деца, тогаш очекувајте кавги, грижи, тешкотии.
ТЕПИХ – радост и веселба; покана на некоја свеченост.
ТЕПСИЈА – слога во бракот, ако сонувате полна тепсија; но ако е празна, очекувајте кавги и тешкотии.
ТЕСНЕЦ – напорите на работа ќе вродат со плод; награди и пофалби.
ТЕСТАМЕНТ – добро здравје и долг живот.
ТЕСТО – мали непријатности во бракот или во љубовта.
ТЕТИН, ТЕТКА – радосни вести, неочекувана добивка.
ТЕШТА, ТЕСТ – кавги и тешкотии, кои можете да ги совладате со трпение.
ТИГАР – имате опасни противници на работа; ако не бидете внимателни, ќе доживеете големи непријатности.
ТИКВА – Пријателите ви се искрени, но сепак задржете некоја тајна за себе.
ТКАЕЊЕ – Замислата ви е добра, настојувајте да ја остварите.
ТОВАР – имате верни пријатели и соработници на работа.
ТОП – грижи, разочарувања, посебно ако сонувате и пукање на топот.
ТОПКА – незнајни успеси на работа; но ако се играте со топка самите или во друштво, очекувајте кавга, расправии и тешкотии, посебно ако сонувате дека топката е пукната.
ТОПЛИНА – избегнувајте остри зборови или кавги, ако сонувате дека топлите или дека ви е топло.
ТОПОЛА – радост, веселба, задоволство, дома и на работа.
ТОРБА – радост, веселба, слога во домот, ако сонувате полна торба; но празна или искината торба е знак дека некој ќе ве посети и ќе ви

донесе тажни вести.
ТОРБАР – предупредување да се чувате од неискрени пријатели.
ТОРТА – радост и веселба во друштво.
ТОЧИЛО – предупредување да бидете внимателни во разговорите со непознати личности.
ТРАМВАЈ – Противниците настојуваат да ги намалат вашите успеси во работата. Не започнувајте кавга; со мудри постапки повеќе ќе успеете.
ТРЕВА – успех на работа, подобрување на имотната состојба, ако сонувате зелена трева; но ако сонувате сува или искосена трева, очекувајте лаги и кавги.
ТРЕВНИК – грижи и неволји, ако сонувате дека тревата е изгазена или исушена; но уреден тревник со зелена трева е знак за радост, веселба и успех.
ТРЕВОГА – промени на работа кои одамна ги посакувате, успех во работата.
ТРГУВАЊЕ – добивка во игрите на среќа.
ТРЊА – неочекувани тешкотии, понижувања, опасност за здравјето.
ТРОМОСТ – Сон со лошо значење.
ТРОТОАР – избегнувајте кавги со родителите и пријателите.
ТРСКА – неслога во бракот или во љубовта; кавга со пријателите.
ТРУБА – неповолни вести за некој пријател; тешкотии во бракот или во љубовта.
ТРУПЕЦ – тешкотии на работа; но ако сонувате дека го вадите од земја или дека го цепите, тоа претскажува голема добивка и големо подобрување на имотната состојба.
ТРЧАЊЕ - ќе го остварите добитокот кој што го посакувате; но ако сонувате дека не можете да трчате, тоа е знак дека ќе постигнете успех, но после голем труд и тешкотии.
ТУНЕЛ – тешкотии заради непромислени зборови; не ги откривајте сите свои тајни.
ТУРКАЊЕ – Ако сонувате дека туркате некој предмет, тоа е знак дека наскоро ќе совладате некоја голема тешкотија.
ТУРПИЈА – имате противници кои не мируваат; со разумно држење можете да ги смирите.

ТУТУН – укажува дека ашите парични тешкотии ќе исчезнат, како димот од лулето или од цигарата.
Ќ
ЌЕБЕ – губиток на пари, грижи, понижувања; бидете внимателни во врска со задолжувањето.
ЌЕЛАВОСТ – ве предупредува да водите сметка за своето здравје. Ако сонувате ќелавост на друга личност, тогаш очекувајте успех во работата.
ЌИБРИТ – неочекувана добивка; радост во домот.
ЌИЛИБАР – ве очекува кавга со личност која многу ја цените.
ЌИЛИМ – Размислете за своите постапки спрема соработниците на работа; предупредување дека некој ви подготвува одмазда.
ЌОПАВОСТ – случка која што ќе ве израдува.
ЌУП – неочекувана добивка на пари, подобрување на имотната состојба.
У
УБАВИНА – Ако сонувате дека сте убави, тоа е знак за некое полесно заболување; но ако сонувате дека некоја друга личност е убава, тогаш значи дека таа ќе заболи.
УБАВИЦА – Ако женска личност сонува дека е најубава дама на некоја приредба, тогаш можете да очекувате мали непријатности, кои лесно ќе ги надминете.
УБИСТВО – Сон со многу лошо претскажување: грижи, неволји, тешкотии, губитоци, кавги и други непријатности.
УБОД – штета, болест.
УДАР – помирување со личност со која сте биле скарани, подарок од пријател, ако сонувате дека некој ве удира; но ако вие удирате друга личност, тоа е предупредување да избегнувате остри зборови, интриги и кавги.
УДОБНОСТ – предупредување да ги избегнувате оние работи за кои не сте сигурни дека ќе бидат успешни.
УМИРАЊЕ – добро здравје, напредување во звањето, успех во работата, ако сонувате свое умирање или слушнете дека некој друг умрел; но ако сонувате дека гледате како некој умира, тоа е знак дека наскоро жалите по некоја блиска личност.
УНАПРЕДУВАЊЕ – наскоро тоа ќе ви се случи и во стварноста.

УНИВЕРЗИТЕТ – успех во работата или во учењето, но после напори и голем труд.
УНИФОРМА – очекувајте пофалби, награди и унапредување.
УРАГАН – грижи, болест, тешкотии во семејството.
УРНА – вест за смртта на пријателите или познаниците.
УСНИ – убави и румени усни претскажуваат добро здравје и расположение; но ако сонувте суви или бледи усни, очекувајте разочарување и тешкотии.
УСТА – предупредување да водите сметка во тоа што зборувате пред непознати личности.
УТРО – Сон со многу поволно претскажување: радост, веселба, задоволство, успех во работата. Но ако сонувате магловито или врнежливо утро, тогаш очекувајте грижи заради кавги.
УЦЕНА – Чувајте се од измами, ако сонувате дека вас некој ве уценува; но ако сонувате дкеа вие некого уценувате, тогаш очекувајте тешкотии во работата.
УЧЕНИЦИ – радост, веселба, добивка, наследство. Но ако сонувате дека ги тепате учениците, очекувајте грижи и тешкотии.
УЧЕЊЕ - ќе ви се оствари дамнешна желба, но после голем труд.
УЧИТЕЛ – Не претерувајте во застапување на своите мислења.
УШИ – неповолни вести во блиска личност; ако сонувате болки во ушите, очекувајте разочарување во пријателите или соработниците на работа.

Ф

ФАБРИКА – ненадејна случка, промена. Ако сонувате фабрика во работата, промената ќе биде голема и поволна за вас; но ако фабриката не работи, тогаш означува случка која ќе ве вознемири.
ФАЗАН – успех во работата, напредување во звањето; ако сонувате фазан во лет, очекувајте преместување и унапредување.
ФАКЕЛ – радост и веселба.
ФАЛСИФИКАТ – Очекувајте повик од некоја власт, ако сонувате дека нешто фалсификувате или учествувате во тоа;
но ако сонувате дека некој го фалсификувал вашиот потпис, тогаш очекувајте добиток.
ФЕНЕР – радост, веселба, ако фенерот свети; но ако е светлото слабо или се згаснал, тоа е знак дека ве очекуваат грижи и неволји.

ФИЛМ – патување во странска земја; но ако сонувате прекин на филм, тоа е знак дека патувањето ќе биде со тешкотии.
ФЛЕКА – Очекувајте патување, ако сонувате флека на хартија. Флека на облека ве предупредува повеќе да се посветите на своето занимање.
ФОТОГРАФ – свршувачка или венчавка. Ако сонувате дека ве фотографираат, тоа е знак дека ве набљудуваат и озборуваат.
ФРИЖИДЕР – застој во работата заради вашата нерешителност.
ФРИЗЕР, ФРИЗЕРКА – посета на пријател, покана на прием или на некое славење.
ФРУЛА – неочекувани поволни вести.
ФУСТАН – радост, задоволств, веселба, ако сонувате нов и уреден фустан; но стар, нечист или искинат фустан е знак за жалост, солзи, грижи и непријатности. Значењето на овој сон е врзано и со бојата.
Х
ХАРИНГА – успех во работата, за која ќе морате добро да се потрудите.
ХАРМОНИКА – радосни вести, покана на некоја веселба.
ХАРТИЈА – Ако сонувате чиста хартија, очекувајте вести без поголемо знажење; но нечиста или искината хартија е знак за некое разочарување.
ХАРФА – ново познанство.
ХИПНОТИЗИРАЊЕ – Не влегувајте во деловни ризици, бидете внимателни спрема пријателите на зборовите.
ХИСТЕРИЈА – предупредување да избегнувате раздразливост, посебно во врска со замерките на работа; размислете, тие можат да бидат и корисни.
ХОРОСКОП – ве предупредува на опасност од познаници на висока положба.
ХОТЕЛ – патување кое не го сакате, тешкотии, губитоци; но ако сонувате заминување од хотел, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ХРАБРОСТ – навреди и понижувања; бидете храбри ви стварноста, како што сте храбри во сон.
ХРАМ – искушение, посебно ако сонувате храм од друга вероисповест.

ХРАСТ – радост, задоволство, веселба, добро здравје, ако сонувате убави и голем храст или храстова шума; но ако е храстот паднат или препречен на вашиот пат, тогаш очекувајте голема грижа и тешкотија.
ХРТ – Не преземајте нови работи пред добро да размислите; посоветувајте се со пријателите и соработниците.
Ц
ЦАРИНА – неочекувани издатоци, непријатности, грижи; патување во странска земја кои не сте ги очекувале.
ЦВЕЌЕ – промена која ќе ви донесе радост, веселба, нови познанства. Ако сонувате дека садите цвеќе, тоа е знак дека плановите за иднина ви се добри; ако сонувате берење цвеќе, очекувајте принова во семејството. Свенато цвеќе претскажува грижи и болест.
ЦВЕКЛО – некој ви се меша во брачни или љубовни односи.
ЦЕЛЕР – радост, веселби, задоволство, заради успех во работата.
ЦЕМЕНТ – верноста и искреноста на пријателите ќе се потврди на дело.
ЦИГАНИ – да видите циган, сакате некого да прелажете но ако го направите тоа ќе бидете исмејани; да видите циганка, некој сака да ве излаже.
ЦИГАРА – успеси во работата, планови за нови работи.
ЦИГЛА – напорна и тешка работа, но и задоволство заради успех.
ЦИНК – обезбедена иднина, задоволство во семејството.
ЦИРКУС – тешкотии заради ваша непромисленост или дружење со мрзеливи личности.
ЦРВИ – противниците ве озборуваат.
ЦРЕП – радост, добро здравје, добиток; но ако сонувате скршен цреп, тогаш пазете се од повреди заради невнимателно ракување со алатот.
ЦРЕШИ – радост, веселба, слога во бракот, успешна љубовна авантура, ако сонувате дрво со цреши со зрели плодови или ако ги берете и јадете; но ако сонувате дрво без плод и лисја или јадете кисели или несозреани цреши, тоа е знак дека желбите не ви се во склад со можностите.
ЦРКВА - жалост, грижи, искушенија, ако сонувате влегување во

црква; но ако сонувате излегување од неа, тогаш сонот означува смиреност и сталоженост.
Ч
ЧАВКА – Не губете време во празни разговори; ако сонувате дека е во кафез или дека ја учите да зборува, тогаш очекувајте принова во семејството.
ЧАД – проверете ја својата здравствена состојба.
ЧАДОР – незадоволство после лошите односи на работа. Но, ако сонувате дека некој ви го позајмил, тоа е знак дека с# ќе помине без тешкотии. Искршен или расипан чадор секогаш означува парични губитоци.
ЧАЈ – покана за некоја веселба.
ЧАМЕЦ – Значењето на сонот зависи од водата: ако сонувате дека возите чамец по мирна и чиста вода, очекувајте радост, веселба, успех во работата; ако е водата разбранувана или матна, тогаш очекувајте грижи, несигурност на работа, кавга во семејството. Пад од чамец означува тешко заболување.
ЧАРШАФ – мали промени во семејството, ако е нов; но ако е искинат или нечист, тогаш очекувајте тешкотии заради болести.
ЧАРШАФ ЗА МАСА – лесно ќе ги совладате тешкотиите кои сега ве притискаат.
ЧАСОВНИК – весел и удобен живот, посебно ако сонувате и негово отчукување. Неисправен часовник означува неслога во семејството.
ЧЕВЛАР – неочекувана посета и вести кои ќе ве растажат.
ЧАША – неочекувани поволни вести, ако е чашата полна; но ако сонувате празна чаша или дека сте ја скршиле, тогаш очекувајте посета и неповолни вести.
ЧЕВЛИ – Ако сонувате чисти или нови чевли, очекувајте вести кои ќе ве израдуваат; но нечисти или стари чевли означуваат неслога во бракот или со партнерот во љубовта.
ЧЕК – Тоа е лош знак ако сонувате дека наместо пари примате хартија; бидете внимателни кај давањето позајмици.
ЧЕКАН – радост и веселба, посебно ако сонувате дек работите со чекан и го слушате ехото на ударите.
ЧЕКОРИ - ќе слушнете вести кои ќе ги зголемат вашите надежи за

успех во работите во кои сте се сомневале.
ЧЕЛИК – слога во семејството; добра соработка на работа.
ЧЕМПРЕС – предупредување да не трошите повеќе отколку што заработувате; парични губитоци.
ЧЕП – неочекувани поволни вести за некој пријател.
ЧЕРЕП – големи грижи, тешкотии, разочарувања.
ЧЕСТИТКА – Сон со лошо значење: кавга во семејството, неуспех во работата, било да сонувате праќање или примање на честитката или честитање.
ЧЕТКА - ќе ви се исполни некоја дамнешна желба.
ЧЕШЕЛ – посета и лоши вести; грижи на работа.
ЧЕШЛАЊЕ – ќе ве разочара личност на која многу сте & верувале.
ЧЕШМА – пофалби и признанија за вашата работа; подобрување на имотната состојба.
ЧИЗМИ – радост, веселба, успех на работа или во љубовта, ако сонувате нови чизми; но ако сонувате стари или искинати, тогаш очекувајте тешкотии во работата, губиток на пари или болест во семејството.
ЧИНИЈА – поволни вести, радост, веселба; но ако сонувате скршена чинија или дека сте ја скршиле, очекувајте грижи и тешкотии; ако сонувате празна чинија, очекувајте парични тешкотии и кавги.
ЧИНОВИ – успех на работа или напредување во професијата, за машки; познанство со личност во униформа, за жени.
ЧИПКА – интриги, кавги, недоразбирање во семејството.
ЧИСТЕЊЕ - ќе ви се исполни голема желба; успех во работата.
ЧИСТИЛИШТЕ – неочекувано патување или болест; но значењето не мора да се однесува на вас.
ЧИТАЊЕ – непријатности на работа; губиток на пари.
ЧОВЕКОЈАДЕЦ – помали грижи, кои лесно ќе ги пребродите.
ЧОКОЛАДА - ќе решите големи грижи; радост и веселба.
ЧОРАПИ – неочекувана радосна вест, ако сонувате нови чорапи. Останатите чорапи означуваат краткотрајни грижи и непријатности.
ЧОРБА – посета на пријатели и добри вести.
Џ

ЏВАКАЊЕ – Ако сонувате дека нешто џвакате, бидете внимателни во врска со грешките на другите на работа, за да избегнете поголеми непријатности.
ЏЕЛАТ – интриги, кавги, понижувања, тешкотии во бракот.
ЏЕМПЕР – да имате, успех во работата; да носите, решавање на проблемите со околината.
ЏЕП – неочекувани приходи, ако сонувате полн џеп; ако сонувате празен, тоа е знак дека ќе имате тешкотии во остварувањето на желбите.
ЏЕПАРЛАК – радост заради успех во работата; ќе ви се исполнат замислите.
ЏИГЕРИЦА – радост и веселба; покана во друштво.*
ЏИН – (од бајки) претскажува добро здравје, сила и задоволство; (пијалак) ако сонувате дека пиете, проверете ја состојбата на своето здравје.
ЏУНГЛА – неочекувани парични тешкотии; почнете да штедите на време.
ЏУЏЕ – ново пријателство.
Ш
ШАЈКИ – сон со поволно претскажување: вадење на шајка е знак дека некоја тешкотија лесно ќе ја совладате; криви или ‘рѓосани шајки се предзнак за опасност во врска со вашето здравје.
ШАЛ – нерасположение, болест.
ШАМПАЊ – предупредување да не трошите повеќе отколку што заработувате.
ШАМПИОН – Претерувате во поглед на своите можности; потпрете се повеќе на пријателите и соработниците на работа.
ШАРАН – подобрување на имотната состојба.
ШАРЛАТАН – непријатности заради, заради неодмерени зборови.
ШАТОР – патување; пријателите ќе ви се обратат за помош.
ШАХ – Не мешајте се непотребно во туѓите работи; ако сонувате дека играте шах, тоа е знак дека желбите нема да ви се остварат.
ШЕГА – непријатности заради непромислени зборови.
ШЕПКАЊЕ – озборување, интриги, непријатности заради нив.
ШЕЌЕР – добивка, подобрување на имотната состојба, слога во домот.

ШЕШИР – пофалби и награди, зголемување на угледот, ако сонувате нов шешир; стар или искинат шешир претскажува кавга, озборување и лутење.
ШИЛО – успех на работа, но после тешкотии и напорна работа.
ШИШАЊЕ – грижи, болест во домот, ако сонувате свое шишање; шишање на друга личност претскажува добиток или успех во работата.
ШИШЕ – радост, веселба, успех, слога, ако сонувате полно шише; но ако е празна, тогаш очекувајте грижи и непријатности.
ШКОЛО – успех во работата, слога во домот, неочекувана добра вест.
ШКОЛКА – губиток, ако сонувате празна школка; но ако е со меснат организам, тогаш значи успех на работа.
ШМИНКАЊЕ – Препуштете им на пријателите за вас да судат според вашите дела.
ШМРКАЊЕ – неочекувано патување во пријатно друштво.
ШОЉА – успех во работата, напредување во звањето, ако сонувате полна шоља; празна шоља претскажува губиток и неочекувани трошоци.
ШОФЕР - ќе ви се исполнат сите желби на работа, посебно ако сонувате возач зад волан или во возење или себе си во таа улога.
ШТАКИ – болест, тешкотии на работа; но ако сонувате дека сте ги изгубиле или скршиле, тоа е знак дека сите тешкотии лесно ќе ги совладате.
ШТАЛА – слога во домот, подобрување на имотната состојба; но ако сонувата празна штала, тогаш очекувајте тешкотии од пријатели или познаници.
ШТАМПА – пофалби и награди, посебно ако сонувате работа со машина.
ШТЕДЕЊЕ – успех во работата, слога во бракот или во љубовта.
ШТЕДНА КНИШКА – Помогнете му на пријател во неволја; не задолжувајте се непромислено.
ШТЕТА – задоволство заради успех во работата; губиток во игра на среќа.
ШТРК – слога во бракот или помеѓу љубовните партнери; успех во работата.

ШТУКА – посета на пријател.
ШТУКАЊЕ – предупредување дека нешто не е во ред со вашето здравје. Подгответе се за скоро патување.
ШТУРЕЦ – неочекувани вести кои ќе ве израдуваат.
ШУБАРА – патување во пријатно друштво.
ШУМА – радост, веселба, задоволство, ако сонувате зелена шума; ако лисјата се паднати, тогаш очекувајте грижи, тешкотии, губиток. Шума која гори претскажува болест или смрт на некој близок.
ШУМАР – пофалби и почести, зголемување на угледот благодарејќи на големите успеси во работата.
ШУНКА – кавга во домот, незадоволство, озборување, тешкотии во односите со соработниците или пријателите.
ШУПЛИНА – болест, грижи, кавги, посебно ако сонувате дека се наоѓате во неа и не можете да излезете.